Службен весник на Република Македонија

Број 64 **17 април 2014, четврток** **година LXX**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

СОДРЖИНА

		Стр.
1957.	**Програма** за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2014 година.....	**2**
1958.	**Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање дозвола за одобрување на потрошувачки кредити и формата и содржината на дозволата за одобрување на потрошувачки кредити	**3**
1959.	**Правилник** за начинот на одмерување на казните	**5**
1960.	**Правилник** за запишување на инфраструктурните објекти	**23**
1961.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето/потврдата за изземање на службено лице, формата и содржината на барањето/потврдата за откажување од пријавата за запишување/спроведување промени во катастарот на наедвижностите, начинот на издавање, како и за формата и содржината на податоците кои се издаваат на обрасци од катастарот на недвижности.....	**47**
1962.	**Правилник** за посебните барања за безбедност на активните и интелегентни материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната (*).....	**61**
1963.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.....	**63**
1964.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.....	**65**
1965.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.....	**67**
1966.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.....	**69**
1967.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.....	**71**
1968.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.....	**73**
1969.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија.....	**75**
1970.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.....	**79**

		Стр.
1971.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**81**
1972.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**83**
1973.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**85**
1974.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**88**
1975.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија	**90**
1976.	**Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**94**
1977.	**Одлука** за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**96**
1978.	**Одлука** за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**97**
1979.	**Одлука** за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**97**
1980.	**Одлука** за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**98**
1981.	**Одлука** за утврдување на продажна цена на природен гас за месец април од 2014 година	**98**
1982.	**Решение** за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**99**
1983.	**Решение** за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**99**
1984.	**Решение** за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**99**
1985.	**Решение** за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**100**
	Огласен дел.....	**1-76**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

1957.

Врз основа на член 151 став 2 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" бр.148/13) министерот за правда, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ДЕТЕ КОЕ Е ЖРТВА ИЛИ Е ОШТЕТЕНО СО ДЕЈСТВИЕ КОЕ СО ЗАКОН Е ПРЕДВИДЕНО КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО НА НАСИЛСТВО И НА ДРУГИ АКТИ НА ИНДИВИДУАЛНО ИЛИ ГРУПНО НАСИЛСТВО, ЗА 2014 ГОДИНА

I

Со оваа програма се обезбедуваат средства за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, за 2014 година.

Средствата за реализација на оваа програма се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија за 2014 година, раздел 07001 – Министерство за правда, Програма 10 – Администрација, Категорија 46 – субвенции и трансфери, расходна ставка 464 –Разни трансфери.

II

Средствата од делот I од оваа програма ќе се користат за обесштетување на дете кое е жртва или оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, согласно одредбите од Законот за правда за децата.

За реализација на оваа програма од Буџетот на Република Македонија, односно Министерството за правда одобрени се 500.000,00 денари.

III

Исплатите на обесштетувањата врз основа на оваа програма, од страна на Министерството за правда се реализираат најдоцна до 30 дена по добивањето на решението за исплата на обесштетување од надлежен суд.

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма се грижи Министерството за правда.

V

Министерството за правда до Владата на Република Македонија доставува извештај за реализација на користењето на средствата од оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати и финансиски показатели, како и образложението за евентуалните отстапувања од планираните активности, најдоцна до 31 јануари 2015 година.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 14-1746/1
14 април 2014 година
Скопје

Министер за правда,
Блерим Бејети, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

1958.

Врз основа на член 21 став 3 од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/11), министерот за економија, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОЗВОЛАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање дозвола за одобрување на потрошувачки кредити и формата и содржината на дозволата за одобрување на потрошувачки кредити („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/11) Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 25–1529/3

8 април 2014 година

Скопје

Министер за економија,

Ваљон Сараќини, с.р.

ПРИЛОГ 1

БАРАЊЕ
ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ

1.	ИМЕ НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО	
2.	ЕДИНСТВЕН ДАНОЧЕН БРОЈ НА СУБЈЕКТОТ	
3.	РЕШЕНИЕ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТРАР КОЈ СЕ ВОДИ ВО ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА	
4.	СЕДИШТЕ, АДРЕСА И ОПШТИНА	
5.	ПРИОРИТЕТНА ДЕЈНОСТ НА СУБЈЕКТОТ	
6.	ДАЛИ Е ОТВОРЕНА СТЕЧАЈНА ИЛИ ЛИКВИДАЦИОНА ПОСТАПКА	
7.	ДАЛИ ПРОТИВ ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ И ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ БИЛА ИЗРЕЧЕНА КАЗНА ИЛИ ПРЕКРШОЧНА САНКЦИЈА ЗАБРАНА НА ВРШЕЊЕ ПРОФЕСИЈА, ДЕЈНОСТ ИЛИ ДОЛЖНОСТ	
8.	ДАЛИ ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ ИМА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАЈМАЛКУ ТРИ ГОДИНИ РАБОТНО ИСКУСТВО	
9.	ДАЛИ ИМА ВРАБОТЕНО НАЈМАЛКУ ЕДЕН ДИПЛОМИРАН ПРАВНИК И ЕДЕН ДИПЛОМИРАН ЕКОНОМИСТ	
10.	ДАЛИ РАСПОЛАГА СО СООДВЕТЕН ДЕЛОВЕН ПРОСТОР И ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОС	
11.	ДАЛИ НА БАРАТЕЛОТ ПРЕТХОДНО МУ БИЛА ОДЗЕМЕНА ДОЗВОЛАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ ИЗДАДЕНА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ПРИ ДОГОВОРИ ЗА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ	
12.	ДАЛИ НА БАРАТЕЛОТ МУ БИЛА ИЗРЕЧЕНА ПРЕКРШОЧНА САНКЦИЈА ЗАРАДИ ОДОБРУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ БЕЗ ДА ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ	

Бр. _____ Датум _____	м.п.*	_____ Одговорно лице

*За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.

Подносителот на барањето на дозволата за одобрување на потрошувачки кредити, кон барањето треба да ги приложи доказите за точките, 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12.

ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1959.

Врз основа на член 1 од Законот за изменување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/2014), Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на ден 16.04.2014 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ОДМЕРУВАЊЕ НА КАЗНИТЕ

I ДЕЛ – ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на Правилникот

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот и постапувањето на судот при одредувањето на видот и одмерувањето на висината на казната.

Член 2

Кривичните дела со овој Правилник се категоризирани во нивоа во согласност со оцената на пропишаните критериуми.

Член 3

Видот и висината на казната се одредува и одмерува во рамките на распонот на казната, кој е предвиден за определеното ниво.

Член 4

Категоризацијата на кривичните дела во нивоа и одмерувањето на видот и висината на казната во рамките на определено ниво и во рамките на распонот на казната предвиден за определено ниво, се содржани во Табелата за категоризација на кривични дела (во понатамошниот текст: Табелата), која е составен дел на овој Правилник.

Составен дел на овој Правилник е и Табеларниот приказ на околностите од влијание за одмерување на казната (во понатамошниот текст: Табеларен приказ).

Цел на Правилникот

Член 5

Со примената на овој Правилник се обезбедува ефикасно и успешно функционирање на новиот концепт на кривичната постапка во праксата и сигурна основа за унапредување и воедначување на казнената политика на домашните кривични судови.

II ДЕЛ – ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА СУДОТ ПРИ ОДМЕРУВАЊЕ НА КАЗНАТА

Определување на нивото на кривичното дело

Член 6

Пред да пристапи кон одмерување на казната на сторителот, судот ќе го определи нивото на конкретното кривично дело согласно со Табелата.

Поаѓајќи од фактичкиот опис на кривично-правниот настан, судот ќе го определи нивото на кривичното дело со оцена на следните критериуми:

- кривичната одговорност на сторителот,
- тежината на стореното кривично дело и
- околностите под кои е сторено делото.

При оцена на критериумите од став 2 на овој член, судот ќе има предвид дали:

- кривичното дело е сторено во поврат, при што посебно ќе има предвид дали поранешното дело е од ист вид како и новото дело,
- се работи за продолжено кривично дело,
- постои исклучително висок степен на противправност што во корелација со другите околности под кои е сторено кривичното дело го оправдува изрекувањето на построга санкција или
- кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор.

Доколку постои некоја од околностите наведени во ставот 3 на овој член, судот може да определи повисоко ниво од нивото што би го определил кога не би постоела оваа околност.

Во секој случај, доколку на сторителот му се изречени најмалку две осуди, независно од изречената кривична санкција, судот ќе определи повисоко ниво од нивото што би го определил кога не би постоела оваа околност, а доколку на сторителот му се изречени најмалку две осуди на казна затвор од кои барем едната осуда е за потешко кривично дело, судот ќе определи трето ниво на кривичното дело.

Одмерување на видот и висината на казната во рамките на определеното ниво

Член 7

Откако ќе го определи нивото на кривичното дело на начинот предвиден во член 6 од овој Правилник, судот ќе ја одмери казната по вид и висина во рамките на распонот на казната кој е предвиден за определеното ниво, при што ќе ги има предвид околностите поврзани со кривичното дело и со личноста на сторителот, а особено: придонесот на жртвата во извршувањето на делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по стореното кривично дело, како и други околности кои се однесуваат на личноста на сторителот.

При одмерување на казната во рамките на определеното ниво, судот за појдовна основа ќе ја има средната вредност на казната од распонот на определеното ниво согласно со Табелата, од која со оцена на соодносот на олеснувачките и/или отежнувачките околности, ќе се движи кон долната или кон горната граница на распонот од определеното ниво.

Начин на оцена на околностите

Член 8

При одмерувањето на казната, судот ќе цени дали одредена околност чие постоење го утврдил е олеснувачка или отежнувачка во согласност со Табеларниот приказ.

Доколку судот утврди постоење само на олеснувачки околности, ќе се движи кон долната граница од распонот на определеното ниво, а доколку утврди постоење само на отежнувачки околности, ќе се движи кон горната граница од распонот од определеното ниво.

Доколку судот утврди постоење и на олеснувачки и на отежнувачки околности, казната ќе се движи кон долната или кон горната граница во зависност од тоа кои од овие околности преовладуваат односно:

- доколку разликата меѓу олеснувачките и отежнувачките околности изнесува три или повеќе во корист на олеснувачките околности, казната ќе се движи кон долната граница или
- доколку разликата меѓу отежнувачките и олеснувачките околности изнесува три или повеќе во корист на отежнувачките околности, казната ќе се движи кон горната граница.

Забрана за двократна оцена на иста околност

Член 9

Како олеснувачка или отежнувачка околност не може да се цени околност што е законско обележје на кривичното дело или која била ценета како критериум за определување на нивото на кривичното дело.

Индивидуализација на казната според целите на казнувањето

Член 10

Во секој конкретен случај, определувањето на нивото на кривичното дело и одмерувањето на видот и висината на казната во рамките на распонот за определено ниво судот ќе го изврши со оцена на сите околности наведени во член 39 став 2 од Кривичниот законик (олеснувачки и отежнувачки околности), а во согласност со целите на казнувањето предвидени во член 32 од Кривичниот законик.

Изрекување на алтернативни мерки

Член 11

Со одредбите на овој Правилник не се ограничува правото на судот, под условите предвидени со законот, наместо казна затвор и/или парична казна да изрече алтернативна мерка предвидена во член 48-а од Кривичниот законик.

II.1. ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ОДМЕРУВАЊЕ НА ПАРИЧНА КАЗНА

Одмерување на парична казна на физички лица

Член 12

При одмерувањето на паричната казна како главна казна во согласност со член 38 ставови 1 до 5 од Кривичниот законик и на паричната казна како споредна казна во согласност со член 38 став 6 од Кривичниот законик на сторители кои се физички лица, покрај општите правила за постапување на судот при одмерувањето на казната од овој Правилник, судот секогаш ќе ги цени и околностите предвидени во член 39 став 6 од Кривичниот законик, а посебно: вкупноста на имотните права и обврски на сторителот, неговиот имотен статус и неговите имотно-правни односи со други субјекти, начинот на остварување на неговите приходи, издржување на деца и други членови од семејството, како и сите други околности поврзани со имотната состојба на сторителот кои можат да бидат од влијание за висината на паричната казна.

Одмерување на парична казна на правни лица

Член 13

При одмерувањето на паричната казна на сторители кои се правни лица, во согласност со член 96-е од Кривичниот законик, покрај општите правила за постапување на судот при одмерувањето на казната од овој Правилник, судот секогаш ќе ги цени и околностите предвидени во член 96 – ѓ став 1 од Кривичниот законик, а особено: економската моќ на правното лице, вредноста на имотот кој го поседува, неговите приходи и обврски како и сите други околности кои можат да бидат од влијание за одмерувањето на казната на правното лице како сторител на кривично дело.

III ДЕЛ – КРИТЕРИУМИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НИВОТО НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО

Кривична одговорност на сторителот

Член 14

При определувањето на нивото на кривичното дело согласно со член 6 од овој Правилник, судот ќе ја цени кривичната одговорност на сторителот изразена преку нејзиниот степен.

Во функција на утврдувањето на степенот на кривичната одговорност, судот ќе ги цени побудите од кои е сторено делото, како и други околности врзани за субјективниот однос на сторителот кон повредата на заштитеното добро.

Степен на кривична одговорност

Член 15

Степенот на кривичната одговорност се оценува преку степенот на пресметливост и степенот на вина на сторителот.

При утврдувањето на степенот на пресметливост судот ќе цени дали кривичното дело е сторено во состојба на битно намалена или намалена пресметливост.

Степенот на вина се оценува во рамките на обликот на вината (умисла или небрежност) кој е со закон пропишан за конкретното кривично дело.

При утврдувањето на степенот на вина, кај кривичните дела сторени со умисла, судот ќе има предвид дали се работи за директна или евентуална умисла, како и дали во конкретниот случај постои некој од посебните облици на умисла кој може да укаже на помал или поголем степен на вина.

При степенувањето на вината кај кривичните дела сторени од небрежност, судот ќе има предвид дали кривичното дело е сторено од свесна или несвесна небрежност, како и тоа дали се работи за некој посебен вид небрежност.

Побуди од кои е сторено делото

Член 16

При оцена на побудите од кои е сторено делото судот ќе има предвид дали се работи за позитивни побуди (одбрана на честа, помош на друго лице, сожалување и други хумани, благородни, човечки разбирливи или општествено корисни побуди) или негативни побуди (омраза, безобзирно однесување, подмолност, користољубие, завист, злоба, љубомора, одмазда и други себични, ниски, неморални или општествено штетни побуди).

Тежина на стореното кривично дело

Член 17

При определувањето на нивото на кривичното дело согласно со член 6 од овој Правилник, судот ќе ја цени тежината на стореното кривично дело според јачината на повредата или загрозувањето на заштитеното добро и тоа: според интензитетот на штетноста на последицата која настапила, доколку се работи за деликт на повреда, или пак, според степенот на опасноста и на веројатноста да дојде до повреда на заштитеното добро, доколку се работи за деликт на загрозување.

При оцена на јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро судот особено ќе ги има предвид:

- тежината или трајноста на последицата,
- бројот на оштетени лица или жртви,
- износот на противправно прибавената имотна корист или нанесената штета и
- други околности што во конкретниот случај укажуваат на понизок или повисок степен на засегнатост на доброто, вредноста или интересот со стореното кривично дело.

Околности под кои е сторено делото

Член 18

При определувањето на нивото на кривичното дело согласно со член 6 од овој Правилник, судот ќе ги има предвид сите околности што го карактеризираат извршувањето на делото и условите под кои тоа е извршено, а особено:

- време, место и начин на извршување на кривичното дело,
- средството на извршување,
- интензитет на дејствието на извршување,
- упорност при извршување на кривичното дело,
- посебни тешкотии што сторителот морал да ги совлада при извршување на делото,
- искористување на посебна околност што му е создадена на сторителот за полесно да го изврши делото,
- личноста на жртвата,
- искористување на посебниот однос на доверба од страна на жртвата,
- видот и обликот на учество во кривичното дело,
- дали делото е довршено или останало во обид и
- други објективни или субјективни околности што постоеле пред, за време или по извршувањето на кривичното дело, а кои може да бидат од влијание при одмерувањето на казната.

IV ДЕЛ – ОКОЛНОСТИ ПОВРЗАНИ СО КРИВИЧНОТО ДЕЛО И СО ЛИЧНОСТА НА СТОРИТЕЛОТ

Придонес на жртвата во извршувањето на делото

Член 19

При одмерувањето на видот и висината на казната согласно со член 7 од овој Правилник, судот ќе цени дали и во која мера постои придонес на жртвата во извршувањето на делото и во настапувањето на штетната последица и дали постоело предизвикување од страна на жртвата за сторување на кривичното дело.

Поранешниот живот на сторителот

Член 20

При оцената на поранешниот живот на сторителот согласно со член 7 од овој Правилник, судот особено ќе има предвид:

- дали сторителот еднаш е осудуван,
- дали е прекршочно казнуван,
- дали има одредени болести на зависност,
- дали има насилен карактер,
- дали неговото однесување е асоцијално,
- каков е неговиот углед во општеството односно во заедницата каде живее и
- други околности што укажуваат на начинот на живот и личноста на сторителот пред сторувањето на делото, а кои може да бидат од влијание при одмерувањето на казната.

Лични прилики на сторителот

Член 21

При оцена на личните прилики на сторителот согласно со член 7 од овој Правилник, судот особено ќе ги има предвид следните околности:

- семејните, материјалните и здравствените прилики на обвинетиот,
- фактот дали тој е единствен хранител на семејството,
- грижата на обвинетиот за други лица,
- образованието на сторителот,
- дали тој е вработен или невработен и
- сите други прилики во кои живее сторителот, а кои може да бидат од влијание при изрекувањето на казната.

Однесување на сторителот по стореното кривично дело

Член 22

При оцената на однесувањето на сторителот по стореното кривично дело согласно со член 7 од овој Правилник, судот особено ќе ги има предвид следните околности:

- уништување на трагите и доказите (доколку не се работи за посебно кривично дело),
- преземање дејствија за влијание врз сведоци, вешти лица за лажно презентирање на факти или за таа цел ветување награда (доколку не се работи за посебно кривично дело),
- надоместување на штетата или враќање на прибавената имотна корист до завршувањето на постапката,
- настојување да се спречи настапувањето на последиците или нејзино дополнително отстранување,
- изразено жалење или каење за извршеното кривично дело и
- сите други околности на конкретниот случај кои укажуваат на односот на сторителот кон стореното кривично дело, а кои може да бидат од влијание при одмерувањето на казната.

Други околности кои се однесуваат на личноста на сторителот

Член 23

Според околностите на случајот, судот може при одмерувањето на видот и висината на казната во рамките на распонот на определеното ниво на кривичното дело согласно со член 7 од овој Правилник, да ги цени и следните околности:

- посебни склоности или способности на сторителот,
- добри или лоши навики,
- опитноста и искуството,
- возраста на сторителот,
- ментална или телесна попреченост,
- културното ниво и односот кон општествените вредности и
- сите други околности кои се однесуваат на личноста на конкретниот сторител и не можат однапред да се предвидат, а кои може да бидат од влијание при одмерувањето на казната.

V ДЕЛ - ОДМЕРУВАЊЕ КАЗНА ВО ПОСТАПКА ЗА СПОГОДУВАЊЕ И ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА НА ГЛАВНА РАСПРАВА

Примена на одредбите на овој Правилник во постапка за спогодување и признание на вина

Член 24

Судот ќе постапува согласно со правилата и критериумите содржани во овој Правилник и во случаите кога изрекува казна:

- во постапката за спогодување помеѓу странките и
- кога обвинетиот ќе признае вина на главна расправа.

Начин на одмерување на казната во постапка за спогодување

Член 25

Во постапката за спогодување кога Јавниот обвинител и обвинетиот ќе поднесат до судот предлог-спогодба, при утврдување дали прибавените докази за фактите важни за изборот и одмерувањето на казната го оправдуваат изрекувањето на предложената казна, судот имајќи ги предвид и околностите под кои е склучена спогодбата, ќе постапи согласно со членовите 6 и 7 од овој Правилник, а потоа:

- доколку е определено трето ниво на кривичното дело, судот може да ја прифати предложената казна ако таа се наоѓа во распонот од тоа ниво или во распонот од второто ниво, но најмногу до долната граница од второто ниво,
- доколку е определено второ ниво на кривичното дело, судот може да ја прифати предложената казна ако таа се наоѓа во распонот од тоа ниво или во распонот од првото ниво, но најмногу до долната граница од првото ниво,
- доколку е определено прво ниво на кривичното дело, судот може да ја прифати предложената казна ако таа се наоѓа во распонот од тоа ниво, но најмногу до границите на ублажувањето на казната предвидени со член 41 од Кривичниот законик.

Начин на одмерување на казната врз основа на признание на вина на главна расправа

Член 26

Кога обвинетиот ќе ја признае вината на главна расправа, судот претходно ќе постапи согласно со членовите 6 и 7 од овој Правилник, а потоа ќе изрече казна која може да биде во рамките на долната граница од распонот од определеното ниво на кривичното дело.

Доколку судот се определил за најниското ниво на кривичното дело може да изрече казна и под границата пропишана со закон, но најмногу до границите на ублажувањето на казната предвидени со член 41 од Кривичниот законик.

VI ДЕЛ – ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Влегување во сила и примена на Правилникот

Член 27

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува триесеттиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

16 април 2014 година
Скопје

Претседател на Врховниот суд
на Република Македонија,
Лидија Неделкова, с.р.

Прилог - 1

ТАБЕЛА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА

	КАТЕГОРИЗАЦИЈА ПО ПРОПИШАНА КАЗНА		КАТЕГОРИЗАЦИЈА СОГЛАСНО СО ОПШТИТЕ ПРАВИЛА ЗА ОДМЕРУВАЊЕ НА КАЗНАТА		
			I НИВО	*II НИВО*	*III НИВО*
1	парична казна (физички лица)		5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
2	парична казна (правни лица)	парична казна или казна затвор до 3 години	100.000 – 250.000 денари Средна вредност 170.000 денари	200.000 – 400.000 денари Средна вредност 300.000 денари	300.000 – 500.000 денари Средна вредност 400.000 денари
		најмалку 3 години затвор	100.000 - 300.000 денари Средна вредност 200.000 денари	250.000 – 600.000 денари Средна вредност 420.000 денари	550.000 – 1 милион денари Средна вредност 770.000 денари
		најмалку 5 години затвор	1 – 10 милиони денари Средна вредност 5.500.000 денари	8 – 20 милиони денари Средна вредност 14 милиони денари	15 – 30 милиони денари Средна вредност 22.500.000 денари

3	парична казна или затвор до 3 месеци	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		30 дена – 45 дена Средна вредност 37 дена	40 дена - 2 месеци Средна вредност 50 дена	50 дена - 3 месеци Средна вредност 70 дена затвор
4	парична казна или затвор до 6 месеци	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		30 дена – 2 месеци и 15 дена Средна вредност 52 дена	2 месеци – 4 месеци Средна вредност 3 месеци	3 месеци – 6 месеци Средна вредност 4 месеци
5	затвор до 6 месеци	30 дена – 2 месеци и 15 дена Средна вредност 52 дена	2 месеци – 4 месеци Средна вредност 3 месеци	3 месеци – 6 месеци Средна вредност 4 месеци
6	парична казна или затвор до 1 година	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		30 дена – 5 месеци Средна вредност 3 месеци	3 месеци – 8 месеци Средна вредност 5 месеци	6 месеци – 1 година Средна вредност 9 месеци
7	затвор до 1 година и парична казна	30 дена – 5 месеци Средна вредност 3 месеци	3 месеци – 8 месеци Средна вредност 5 месеци	6 месеци – 1 година Средна вредност 9 месеци
		20 евра – 1.500 евра во денарска противвредност Средна вредност 760 евра во денарска противвредност	1.000 евра – 3.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 2.000 евра во денарска противвредност	2.000 евра – 5.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 3.500 евра во денарска противвредност

8	парична казна или затвор од 3 месеци до 1 година	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		3 месеци – 6 месеци Средна вредност 4 месеци	5 месеци – 9 месеци Средна вредност 7 месеци	7 месеци – 1 година Средна вредност 9 месеци
9	затвор од 3 месеци до 1 година	3 месеци – 6 месеци Средна вредност 4 месеци	5 месеци – 9 месеци Средна вредност 7 месеци	7 месеци – 1 година Средна вредност 9 месеци
10	парична казна или затвор од 6 месеци до 1 година	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		6 месеци – 8 месеци Средна вредност 7 месеци	7 месеци – 10 месеци Средна вредност 8 месеци	9 месеци - 1 година Средна вредност 10 месеци
11	затвор од 6 месеци до 1 година	6 месеци – 8 месеци Средна вредност 7 месеци	7 месеци – 10 месеци Средна вредност 8 месеци	9 месеци - 1 година Средна вредност 10 месеци
12	парична казна или затвор до 3 години	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		30 дена – 1 година Средна вредност 6 месеци	9 месеци – 2 години Средна вредност 1 година и 4 месеци	1 година и 8 месеци – 3 години Средна вредност 2 години и 4 месеци

13	затвор до 3 години и парична казна	30 дена – 1 година Средна вредност 6 месеци	9 месеци – 2 години Средна вредност 1 година и 4 месеци	1 година и 8 месеци – 3 години Средна вредност 2 години и 4 месеци
		20 евра – 1.500 евра во денарска противвредност Средна вредност 760 евра во денарска противвредност	1.000 евра – 3.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 2.000 евра во денарска противвредност	2.000 евра – 5.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 3.500 евра во денарска противвредност
14	парична казна или затвор од 3 месеци до 3 години	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		3 месеци – 1 година Средна вредност 7 месеци	10 месеци – 2 години Средна вредност 1 година и 5 месеци	1 година и 8 месеци – 3 години Средна вредност 2 години и 4 месеци
15	затвор од 3 месеци до 3 години	3 месеци – 1 година Средна вредност 7 месеци	10 месеци – 2 години Средна вредност 1 година и 5 месеци	1 година и 8 месеци – 3 години Средна вредност 2 години и 4 месеци
16	затвор од 6 месеци до 2 години и парична казна	6 месеци – 1 година Средна вредност 9 месеци	10 месеци – 1 година и 5 месеци Средна вредност 1 година и 1 месец	1 година и 3 месеци – 2 години Средна вредност 1 година и 7 месеци
		20 евра – 1.500 евра во денарска противвредност Средна вредност 760 евра во денарска противвредност	1.000 евра – 3.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 2.000 евра во денарска противвредност	2.000 евра – 5.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 3.500 евра во денарска противвредност

17	парична казна или затвор од 6 месеци до 3 години	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		6 месеци – 1 година и 3 месеци Средна вредност 10 месеци	1 година – 2 години Средна вредност 1 година и 6 месеци	1 година и 9 месеци – 3 години Средна вредност 2 години и 4 месеци
18	затвор од 6 месеци до 3 години	6 месеци – 1 година и 3 месеци Средна вредност 10 месеци	1 година – 2 години Средна вредност 1 година и 6 месеци	1 година и 9 месеци – 3 години Средна вредност 2 години и 4 месеци
19	затвор од 6 месеци до 3 години и парична казна	6 месеци – 1 година и 3 месеци Средна вредност 10 месеци	1 година – 2 години Средна вредност 1 година и 6 месеци	1 година и 9 месеци – 3 години Средна вредност 2 години и 4 месеци
		20 евра – 1.500 евра во денарска противвредност Средна вредност 760 евра во денарска противвредност	1.000 евра – 3.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 2.000 евра во денарска противвредност	2.000 евра – 5.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 3.500 евра во денарска противвредност

20	парична казна или затвор од 1 до 3 години	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		1 година – 1 година и 7 месеци Средна вредност 1 година и 3 месеци	1 година и 5 месеци – 2 години и 2 месеци Средна вредност 1 година и 9 месеци	2 години – 3 години Средна вредност 2 години и 6 месеци
21	затвор од 1 до 3 години	1 година – 1 година и 7 месеци Средна вредност 1 година и 3 месеци	1 година и 5 месеци – 2 години и 2 месеци Средна вредност 1 година и 9 месеци	2 години – 3 години Средна вредност 2 години и 6 месеци
22	парична казна или затвор до 4 години	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		30 дена – 1 година и 6 месеци Средна вредност 9 месеци	1 година – 3 години Средна вредност 2 години	2 години – 4 години Средна вредност 3 години
23	парична казна или затвор до 5 години	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		30 дена – 2 години Средна вредност 1 година	1 година и 6 месеци – 3 години Средна вредност 2 години и 3 месеци	2 години и 6 месеци – 5 години Средна вредност 3 години и 4 месеци

24	затвор до 5 години и парична казна	30 дена – 2 години Средна вредност 1 година	1 година и 6 месеци – 3 години Средна вредност 2 години и 3 месеци	2 години и 6 месеци – 5 години Средна вредност 3 години и 4 месеци
		20 евра – 1.500 евра во денарска противвредност Средна вредност 760 евра во денарска противвредност	1.000 евра – 3.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 2.000 евра во денарска противвредност	2.000 евра – 5.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 3.500 евра во денарска противвредност
25	затвор од 3 месеци до 5 години	3 месеци – 1 година и 9 месеци Средна вредност 1 година	1 година и 6 месеци – 3 години и 6 месеци Средна вредност 2 години и 6 месеци	3 години – 5 години Средна вредност 4 години
26	парична казна или затвор од 6 месеци до 5 години	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		6 месеци – 2 години Средна вредност 1 година и 3 месеци	1 година и 6 месеци – 3 години и 6 месеци Средна вредност 2 години и 6 месеци	3 години – 5 години Средна вредност 4 години
27	затвор од 6 месеци до 5 години	6 месеци – 2 години Средна вредност 1 година и 3 месеци	1 година и 6 месеци – 3 години и 6 месеци Средна вредност 2 години и 6 месеци	3 години – 5 години Средна вредност 4 години

28	затвор од 6 месеци до 5 години и парична казна	6 месеци – 2 години Средна вредност 1 година и 3 месеци	1 година и 6 месеци – 3 години и 6 месеци Средна вредност 2 години и 6 месеци	3 години – 5 години Средна вредност 4 години
		20 евра – 1.500 евра во денарска противвредност Средна вредност 760 евра во денарска противвредност	1.000 евра – 3.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 2.000 евра во денарска противвредност	2.000 евра – 5.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 3.500 евра во денарска противвредност
29	парична казна или затвор од 1 до 5 години	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		1 година – 2 години и 6 месеци Средна вредност 1 година и 9 месеци	2 години – 3 години и 6 месеци Средна вредност 2 години и 9 месеци	3 години – 5 години Средна вредност 4 години
30	затвор од 1 до 5 години	1 година – 2 години и 6 месеци Средна вредност 1 година и 9 месеци	2 години – 3 години и 6 месеци Средна вредност 2 години и 9 месеци	3 години – 5 години Средна вредност 4 години
31	затвор од 1 до 5 години и парична казна	1 година – 2 години и 6 месеци Средна вредност 1 година и 9 месеци	2 години – 3 години и 6 месеци Средна вредност 2 години и 9 месеци	3 години – 5 години Средна вредност 4 години
		20 евра – 1.500 евра во денарска противвредност Средна вредност 760 евра во денарска противвредност	1.000 евра – 3.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 2.000 евра во денарска противвредност	2.000 евра – 5.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 3.500 евра во денарска противвредност

32	затвор од 3 до 5 години	3 години – 3 години и 6 месеци Средна вредност 3 години и 3 месеци	3 години и 4 месеци – 4 години Средна вредност 3 години и 8 месеци	3 години и 10 месеци – 5 години Средна вредност 4 години и 5 месеци
33	затвор од 3 месеци до 6 години или парична казна	3 месеци – 2 години Средна вредност 1 година и 1 месец	1 година и 6 месеци – 3 години и 6 месеци Средна вредност 2 години и 6 месеци	3 години – 6 години Средна вредност 4 години и 6 месеци
		5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
34	затвор од 1 до 8 години	1 година – 4 години Средна вредност 2 години и 6 месеци	3 години – 6 години Средна вредност 4 години и 6 месеци	5 години – 8 години Средна вредност 4 години и 6 месеци
35	затвор од 1 до 8 години и парична казна	1 година – 4 години Средна вредност 2 години и 6 месеци	3 години – 6 години Средна вредност 4 години и 6 месеци	5 години – 8 години Средна вредност 4 години и 6 месеци
		20 евра – 1.500 евра во денарска противвредност Средна вредност 760 евра во денарска противвредност	1.000 евра – 3.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 2.000 евра во денарска противвредност	2.000 евра – 5.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 3.500 евра во денарска противвредност

36	затвор од 3 до 8 години	3 години – 5 години Средна вредност 4 години	4 години и 6 месеци – 6 години и 6 месеци Средна вредност 5 години и 6 месеци	6 години – 8 години Средна вредност 7 години
37	затвор од 5 до 8 години	5 години – 6 години Средна вредност 5 години и 6 месеци	5 години и 6 месеци – 7 години Средна вредност 6 години и 3 месеци	7 6 години и 6 месеци – 8 години Средна вредност 7 години и 3 месеци
38	парична казна или затвор од 1 до 10 години	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		1 година – 4 години Средна вредност 2 години и 6 месеци	3 години и 6 месеци – 7 години Средна вредност 5 години и 3 месеци	6 години – 10 години Средна вредност 8 години
39	затвор од 1 до 10 години	1 година – 4 години Средна вредност 2 години и 6 месеци	3 години и 6 месеци – 7 години Средна вредност 5 години и 3 месеци	6 години – 10 години Средна вредност 8 години
40	затвор од 1 до 10 години и парична казна	1 година – 4 години Средна вредност 2 години и 6 месеци	3 години и 6 месеци – 7 години Средна вредност 5 години и 3 месеци	6 години – 10 години Средна вредност 8 години
		20 евра – 1.500 евра во денарска противвредност Средна вредност 760 евра во денарска противвредност	1.000 евра – 3.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 2.000 евра во денарска противвредност	2.000 евра – 5.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 3.500 евра во денарска противвредност

41	затвор од 3 до 10 години	3 години – 5 години Средна вредност 4 години	4 години – 7 години Средна вредност 5 години и 6 месеци	6 години – 10 години Средна вредност 8 години
42	затвор од 4 до 10 години	4 години – 6 години Средна вредност 5 години	5 години и 6 месеци – 8 години Средна вредност 6 години и 9 месеци	7 години – 10 години Средна вредност 8 години и 6 месеци
43	затвор од 5 до 10 години	5 години – 6 години и 6 месеци Средна вредност 5 години и 9 месеци	6 години – 8 години Средна вредност 7 години	7 години и 6 месеци – 10 години Средна вредност 8 години и 9 месеци
44	најмалку 1 година затвор	1 година – 7 години Средна вредност 4 години	6 години – 13 години Средна вредност 9 години и 6 месеци	12 години – 20 години Средна вредност 16 години
45	најмалку 2 години затвор	2 години – 8 години Средна вредност 5 години	7 години – 14 години Средна вредност 10 години и 6 месеци	13 години – 20 години Средна вредност 16 години и 6 месеци
46	парична казна или затвор од најмалку 3 години	5–120 дневни глоби Средна вредност 62 дневни глоби	100 – 240 дневни глоби Средна вредност 170 дневни глоби	200 – 360 дневни глоби Средна вредност 280 дневни глоби
		3 години – 9 години Средна вредност 6 години	8 години – 14 години Средна вредност 11 години	13 години – 20 години Средна вредност 16 години и 6 месеци

47	најмалку 3 години затвор	3 години – 9 години Средна вредност 6 години	8 години – 14 години Средна вредност 11 години	13 години – 20 години Средна вредност 16 години и 6 месеци
48	најмалку 4 години затвор	4 години – 9 години Средна вредност 6 години и 6 месеци	8 години – 14 години Средна вредност 11 години	13 години – 20 години Средна вредност 16 години и 6 месеци
49	најмалку 4 години затвор и парична казна	4 години – 9 години Средна вредност 6 години и 6 месеци	8 години – 14 години Средна вредност 11 години	13 години – 20 години Средна вредност 16 години и 6 месеци
		20 евра – 1.500 евра во денарска противвредност Средна вредност 760 евра во денарска противвредност	1.000 евра – 3.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 2.000 евра во денарска противвредност	2.000 евра – 5.000 евра во денарска противвредност Средна вредност 3.500 евра во денарска противвредност
50	најмалку 5 години затвор	5 години – 10 години Средна вредност 7 години и 6 месеци	9 години – 15 години Средна вредност 12 години	14 години – 20 години Средна вредност 17 години
51	најмалку 8 години затвор	8 години – 12 години Средна вредност 10 години	11 години – 16 години Средна вредност 13 години и 6 месеци	15 години – 20 години Средна вредност 17 години и 6 месеци

52	најмалку 10 години затвор	10 години – 13 години Средна вредност 11 години и 6 месеци	12 години – 16 години Средна вредност 14 години	15 години – 20 години Средна вредност 17 години и 6 месеци
53	најмалку 12 години затвор	12 години – 15 години Средна вредност 13 години и 6 месеци	14 години – 17 години Средна вредност 15 години и 6 месеци	16 години – 20 години Средна вредност 18 години
54	најмалку 5 години или доживотен затвор	5 години – 10 години Средна вредност 7 години и 6 месеци	9 години – 15 години Средна вредност 12 години	14 години – 20 години или доживотен затвор Средна вредност 17 години
55	најмалку 10 години или доживотен затвор	10 години – 13 години Средна вредност 11 години и 6 месеци	12 години – 16 години Средна вредност 14 години	15 години – 20 години или доживотен затвор Средна вредност 17 години и 6 месеци
56	најмалку 15 години или доживотен затвор	15 години – 16 години и 6 месеци Средна вредност 15 години и 9 месеци	16 години – 18 години Средна вредност 17 години	17 години и 6 месеци – 20 години или доживотен затвор Средна вредност 18 години и 9 месеци

Напомена: Доколку со измени на законот се пропише казна за кривично дело што не е содржана во оваа Табела, соодветно ќе се применува начинот на категоризација предвиден во оваа Табела.

ПРИЛОГ – 2

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ОКОЛНОСТИТЕ ОД ВЛИЈАНИЕ ЗА ОДМЕРУВАЊЕ НА КАЗНАТА		
ОЛЕСНУВАЧКИ ОКОЛНОСТИ	**ОТЕЖНУВАЧКИ ОКОЛНОСТИ**	**ОЛЕСНУВАЧКИ / ОТЕЖНУВАЧКИ ОКОЛНОСТИ (во зависност од конкретниот кривично-правен настан)**
- неосудуван - лоши материјални прилики - сиромаштија - лоша здравствена состојба - ментална или телесна попреченост - голема раздразнетост без негова вина (ако не е елемент) - склучил брак по извршувањето на делото - се вработил по извршувањето на делото - оформил образование по извршување на делото - пречекорување на нужна одбрана - крајна нужда - ако и самиот е повреден - не настапила штетната последица - давање помош на жртвата по извршување на делото - надоместена штета/отстранети штетни последици - незаинтересираност на оштетениот за гонење - придонес на оштетениот - изразено жалење и каење поради извршеното кривично дело - поминало подолго време од претходно издржаната казна затвор - други околности кои на делото му даваат полесен вид.	- осудуван - прекршочно казнуван - болести на зависност - насилен карактер - асоцијално однесување - дрскост, свирепост и сл. - ги уништува трагите и доказите (ако не е посебно кривично дело) - влијае врз сведоци, вешти лица и слично заради лажно прикажување факти (ако не е посебно дело) - ветува награда на сведоци, вешти лица и сл. за лажно прикажување факти (ако не е посебно дело) - кривичното дело е извршено без повод или причина - планирање на делото - недостаток на каење и покрај признание на обвинетиот - искористување на немоќта на жртвата - поранешно вознемирување на оштетениот - кривичното дело е извршено во време на условен отпуст - кривичното дело е извршено во време на проверка по условна осуда - кривичното дело е извршено за време на издржување на казна затвор (викенд, бегство и сл.) - поминало кратко време од претходно издржаната казна затвор, - зачестеноста во извршувањето на кривичните дела и - други околности кои на делото му даваат потежок вид.	- семејна состојба - станбени и социјални прилики - вработен/невработен - образование - возраст - углед во општеството односно во заедницата каде живее -посебни склоности или способности на сторителот, - добри или лоши навики, - опитноста и искуството, -културното ниво и односот кон општествените вредности и - други околности кои на делото му даваат полесен или потежок вид, во зависност од конкретниот кривично-правен настан.

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

1960.

Врз основа на член 188 и член 215 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/2013 и број 41/2014) и член 6 од Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2013), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на запишување на инфраструктурните објекти, начинот на запишување промени на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, формата и содржината на образецот на пријавата за запишување на инфраструктурен објект, потврдата за прием на пријавата, потврдата за запишување, потврдата за одбивање и известувањето за евидентирање на инфраструктурните објекти.

Опфат на катастарот на инфраструктурни објекти

Член 2

Катастарот на инфраструктурни објекти опфаќа:

- востановување на катастарот на инфраструктурни објекти и
- одржување на катастарот на инфраструктурни објекти.

II. ЗАПОЧНУВАЊЕ СО ПОСТАПКА НА ВОСТАНОВУВАЊЕ/ОДРЖУВАЊЕ НА КАТАСТАРОТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Поведување постапка за востановување/одржување на катастарот на инфраструктурни објекти

Член 3

Постапката за востановување/одржување на катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, се поведува со поднесување на пријава за запишување на инфраструктурен објект (во натамошниот текст:пријава).

Начин на поднесување на пријавата

Член 4

(1) Пријавата заедно со прилозите од член 6 на овој правилник се поднесува во електронска форма, односно по електронски пат или во писмена форма. Пријавата и прилозите поднесени по електронски пат треба да се потпишани со валиден сертификат издаден од овластен издавач.

(2) Пријавата и прилозите од став (1) на овој член се архивираат во електронска форма.

(3) Кога пријавата и прилозите се поднесуваат во писмена форма, пријавата треба да биде потпишана своерачно од подносителот на пријавата, а прилозите кои се доставуваат кон пријавата треба да бидат во оригинал или во копија заверена од субјект овластен за вршење на таквиот вид јавно овластување.

(4) Пријавата и прилозите се скенираат и се формира предмет во електронска форма.

(5) Субјектите со пренесени јавни овластувања кои согласно со закон се обврзани исправите за правен основ по службена должност да ги доставуваат до Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст : Агенцијата), истите заедно со прилозите и пријавата ги доставуваат до Агенцијата по електронски пат, во рокови пропишани согласно со посебниот закон.

Содржина на пријавата

Член 5

(1) Пријавата особено содржи: лични и адресни податоци на носителот на правото/имателот на инфраструктурниот објект, податоци за неговиот ЕМБГ/ЕМБС, е-маил адреса/мобилен телефонски број, податоци за правниот основ на запишувањето, податоци за геодетскиот елаборат за инфраструктурниот објекти и податоци за инфраструктурниот објект. Во пријавата се наведува и видот на бараното запишување, како и начинот на кој подносителот на пријавата бара да биде информиран за извршеното запишување/одбивање (по електронски пат, преку смс порака или е-маил адреса).

(2) Доколку подносителот на пријавата не е носителот на правото на инфраструктурниот објект, туку некој од другите лица наведени во член 2 точка 23 од Законот за катастар на недвижности (во натамошниот текст: Законот), тогаш во пријавата покрај податоците за носителот на правото се пополнуваат и личните и адресни податоци за подносителот на пријавата.

(3) Во пријавата се наведени и доказите и податоците кои Агенцијата ги прибавува по службена должност согласно со Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност, како и назнака дали подосителот е согласен, односно дали ја овластува Агенцијата во негово име и за негова сметка да ги користи податоците наведени во пријавата во постапка на прибавување на потребни докази и податоци од други институции, по службена должност.

(4) Формата и содржината на образецот на пријавата за запишување на инфраструктурен објект е дадена во прилог број 1 кој е составен дел на овој правилник.

Прилози кон пријавата и доказ за платен надоместок

Член 6

(1) Кон пријавата подносителот на пријавата, зависно од видот на запишувањето, доставува исправа за правен основ, геодетски елаборат за инфраструктурен објект и доказ за платен надоместок за запишувањето.

(2) Во случај на зголемен обем на поднесени пријави од ист подносител, начинот на плаќање на надоместокот за запишувањето може да се уреди со посебен договор склучен помеѓу Агенцијата и подносителот на пријавите.

Прием на пријавата и потврда за прием

Член 7

(1) Пријавата поднесена по електронски пат или во писмена форма, се прима на начин што се заведува во електронскиот деловодник, од кој автоматски се доделува деловоден број и се издава потврда за прием на пријавата.

(2) Потврдата од став (1) на овој член особено содржи податоци за времето на поднесување на пријавата, видот на запишувањето, број под кој пријавата е заведена во електронскиот деловодник, податоци за поднесените прилози и други податоци.

(3) Формата и содржината на потврдата за прием на пријавата од став (1) на овој член е дадена во прилог број 2 кој е составен дел на овој правилник.

Редослед на постапување по пријавите

Член 8

(1) Пријавата се зема во постапка според времето на приемот на пријавата, односно според времето на нејзиното заведување во електронскиот деловодник.

(2) Кога се поднесени повеќе пријави за ист инфраструктурен објект, постапувањето се врши според пријавата која е прво примена.

Заверка на геодетски елаборати

Член 9

(1) Геодетските елаборати доставени во прилог на пријавата се заверуваат од страна на стручно лице од геодетска насока при Агенцијата, откако ќе се утврди дека при нивната изработка се користени податоци од Геодетско катастарскиот информационен систем (во натамошниот текст :ГКИС).

(2) Геодетските елаборати доставени во електронска форма се заверуваат на начин што во електронската база на податоци се генерира електронски запис, односно известување потпишано со валиден сертификат издаден од овластен издавач, со кое подносителот на геодетскиот елаборат се известува дека е извршена/не е извршена заверка.

(3) Геодетските елаборати доставени во писмена форма се заверуваат на начин што се потпишуваат своерачно на насловната страна.

Список на промена

Член 10

(1) Запишувањето на инфраструктурните објекти се врши во електронската база на податоци.

(2) За секое извршено запишување се изготвува список на промена, која службеното лице кое го врши запишувањето ја потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач.

(3) За секое извршено запишување од став (1) на овој член, во електронската база на податоци се регистрира дата и час кога е извршено запишувањето, број на предметот по кој е извршено запишувањето, како и лицето кое го извршило запишувањето.

(4) За сите извршени запишувања, на крајот на календарската година се формира книга на список на промени во електронска форма, која се печати во писмена форма.

(5) Формата и содржината на списокот на промена од став (4) на овој член е дадена во прилог број 3 кој е составен дел од овој правилник.

Одбивање на пријавата поради нецелосност или некомплетност

Член 11

(1) Службеното лице од областа на правните науки кое постапува по пријавата, издава потврда за одбивање на пријавата поради нецелосност, ако по извршениот увид во поднесената пријава утврди дека истата не ги содржи податоците од член 5 став (1) на овој правилник.

(2) Службеното лице од став (1) на овој член издава потврда за одбивање поради некомплетност, ако по извршениот увид во поднесената пријава и прилозите утврди дека кон пријавата, зависно од видот на запишувањето, не се доставени прилозите од член 6 на овој правилник.

(3) Потврда за одбивање поради некомплетност на пријавата се издава и во случај кога стручното лице од геодетска насока при заверката на геодетскиот елаборат ќе утврди дека не се користени податоци од ГКИС.

(4) Формата и содржината на образецот на потврдата за одбивање на пријавата за запишување на инфраструктурен објект поради нецелосност, односно некомплетност е дадена во прилог број 4 кој е составен дел на овој правилник.

(5) Во образложението на потврдата од став (4) на овој член се наведуваат и доказите и податоците доколку истите се прибавени по службена должност, како и видот и висината на наплатениот надоместок за прибавените докази и податоци по службена должност.

Изземање по службена должност и по барање на подносителот на пријавата

Член 12

(1) Во постапката на запишување на инфраструктурни објекти службеното лице кое е овластено да постапува по пријавата ќе се изземе од постапувањето во случаите кога:

- е подносител на пријавата, сосопственик, полномошник или законски застапник на подносителот на пријавата,
- со подносителот на пријавата, со застапникот или со полномошникот на подносителот на пријавата е роднина по крв во права линија, а во странична линија заклучно до четврти степен, брачен другар или роднина по брачниот другар заклучно до втор степен и тогаш кога бракот престанал и
- со подносителот на пријавата, со застапникот или со полномошникот на подносителот на пријавата е во однос на старател, посвоител, посвоеник или хранител.

(2) Службеното лице е должно веднаш штом ќе дознае за постоење на некоја од причините за изземање од став (1) на овој член да ја прекине понатамошната работа и за тоа да го извести непосредно претпоставениот раководен државен службеник, со барање да биде изземен од понатамошно постапување.

(3) Од причините наведени во став (1) на овој член и подносителот на пријавата може да бара изземање на службеното лице од постапувањето по пријавата.

(4) Кон барањето за изземање, службеното лице, односно подносителот на барањето за изземање, треба да приложи докази од кои ќе се утврди постоењето на причините за изземање.

Одлучување по барањето за изземање

Член 13

(1) За изземање на службеното лице одлучува непосредно претпоставениот раководен државен службеник.

(2) По увидот во доказите за причините за изземање на службеното лице, непосредно претпоставениот раководен државен службеник донесува потврда за изземање, односно потврда за одбивање на барањето за изземање.

Откажување од пријавата

Член 14

(1) Подносителот на пријавата може со барање да се откаже од пријавата, до донесувањето на потврда/известување од страна на службеното лице. Во барањето за откажување од пријавата подносителот на пријавата не мора да ги наведува причините заради кои се откажува од пријавата.

(2) Службеното лице кое постапува по пријавата донесува потврда за откажување од пријавата, која се доставува до подносителот на барањето за откажување. Кон потврдата за откажување, на подносителот на барањето му се враќаат прилозите доставени кон пријавата.

III. ВОСТАНОВУВАЊЕ НА КАТАСТАР НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Опфат на востановувањето на катастарот на инфраструктурни објекти

Член 15

(1) Востановувањето на катастарот на инфраструктурни објекти опфаќа:

- прво запишување на правата на инфраструктурни објекти,
- евидентирање на инфраструктурни објекти,
- предбележување на инфраструктурни објекти и
- запишување на промени на предбележаните инфраструктурни објекти.

(2) Првото запишување од став (1) алинеја 1 на овој член го опфаќа запишувањето на правата на инфраструктурните објекти за кои кон пријавата за запишување покрај геодетски елаборат е доставен и правен основ за запишување согласно закон.

(3) Евидентирањето на инфраструктурни објекти опфаќа евидентирање на инфраструктурни објекти во случајот кога кон пријавата за запишување е приложен геодетски елаборат, но не е приложен правен основ за запишување и во случајот кога не постои соодветност на податоците во смисол на одредбите од член 175 став (3) од Законот.

(4) Предбележувањето на инфраструктурните објекти го опфаќа запишувањето на инфраструктурните објекти кога се во фаза на градба, за кои кон пријавата за запишување е доставено правосилно одобрение за градење и основен проект заверен од надлежен орган.

(5) Спроведувањето на промени на предбележаните инфраструктурни објекти го опфаќа запишувањето на правото на залог (хипотека) и на правните дела сврзани со прометот на предбележаното право на градење, како и запишувањето на промените настанати во текот на градбата кои се сврзани со одобрението за градење, со лицата кои имаат право на градење, со деловите на правото на градење, со основниот проект, како и другите промени кои се сврзани со градбата, за кои кон пријавата се приложуваат исправите за правен основ со кои се настанати промените.

Споредување на податоци

Член 16

По извршената заверка на геодетскиот елаборат од член 9 на овој правилник, за целосните и комплетните пријави за запишување на инфраструктурен објект стручното лице од геодетска насока и службеното лице од областа на правните науки вршат споредување на податоците содржани во пријавата со податоците содржани во правниот основ и податоците прибрани со премерот содржани во геодетскиот елаборат.

Прво запишување на инфраструктурен објект

Член 17

(1) Доколку при споредувањето од член 16 на овој правилник се утврди соодветност на податоците во смисол на член 175 став (3), односно подобност на правните основи за запишување во смисол на член 176 од од Законот, стручното лице од геодетска насока за техничките податоци содржани во геодетскиот елаборат, во електронска форма изготвува стручен наод и составува предлог-список на промена, кои ги потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач.

(2) Во случајот од став (1) на овој член, службеното лице од областа на правните науки го дополнува/усогласува предлог-списокот на промена со податоци за носителите на правата и за видот на правата и донесува потврда за запишување на инфраструктурен објект. Одобрената предлог список на промена и потврдата за запишување ги потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач, со што запишувањето на инфраструктурниот објект се спроведува во електронската база на податоци.

(3) Формата и содржината на образецот на потврдата за запишување/промена на инфраструктурен објект е дадена во прилог број 5 кој е составен дел од овој правилник.

(4) Во образложението на потврдата од став (3) на овој член се наведуваат податоците и доказите кои се прибавени по службена должност, како и видот на наплатениот надоместок за прибавените докази и податоци по службена должност.

Евидентирање на инфраструктурен објект

Член 18

(1) Доколку при споредувањето од член 16 на овој правилник се утврди дека не постои соодветност на податоците во смисол на одредбите од член 175 став (3) од Законот или дека правниот основ не е подобен за запишување во смисол на одредбите од член 176 од Зако-

нот, стручното лице од геодетска насока изготвува стручен наод во кој ги наведува причините за несоодветноста.

(2) Во случајот од став (1) на овој член се врши евидентирање на инфраструктурниот објект во катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности.

(3) Евидентирање на инфраструктурен објект се врши и кога кон пријавата не е приложена исправа за правен основ, односно кога е приложен само геодетски елаборат и доказ за платен надоместок за евидентирањето.

(4) За извршеното евидентирање од став (2) и став (3) на овој член на подносителот на пријавата му се доставува известување.

(5) Формата и содржината на образецот на известувањето од став (4) на овој член е дадена во прилог број 6 кој е составен дел на овој правилник.

Предбележување на инфраструктурен објект кога е во фаза на градба

Член 19

(1) По пријава на органот надлежен за издавање на правосилното одобрение за градење на инфраструктурен објект, се врши предбележување на правото на сопственост и подоблиците на правото на сопственост (сосопственост и заедничка сопственост) на инфраструктурен објект, кога е во фаза на градба.

(2) Кон пријавата од став (1) на овој член надлежниот орган доставува правосилно одобрение за градење, основен проект заверен од надлежен орган согласно со Законот за градење и доказ за платен надоместок за предбележувањето.

Податоци во листот за предбележување на инфраструктурен објект

Член 20

(1) Предбележувањето на инфраструктурен објект кога е во фаза на градба се запишува во листот за предбележување на инфраструктурен објект.

(2) Во листот за предбележување од став (1) на овој член, податоците за лицата кои имаат право на градење и за идеалните делови на правото на градење се преземаат од приложеното одобрение за градење, а податоците за инфраструктурниот објект кој е во фаза на градба се преземаат од приложениот основен проект.

(3) Кога правото на градење во приложеното одобрение за градење е определено во реални делови на сите лица кои имаат право на градење, за секој реален дел од инфраструктурниот објект се оформува посебен лист за предбележување на инфраструктурен објект.

Спроведување на промени на предбележаните инфраструктурни објекти со запишување на право на залог (хипотека) и на правни дела за промет на предбележаното право

Член 21

(1) Во листот за предбележување на инфраструктурен објект, на име на лицата кои имаат право на градење, согласно со одобрението за градење, се прибележуваат податоци за правото на залог (хипотека) на предбележаното право на сопственост на инфраструктурниот објект кога е во фаза на градба.

(2) Прибележувањето на податоците за правото на залог (хипотека) на предбележаното право на сопственост од став (1) на овој член се врши врз основа на правни дела во форма на нотарски акт или во форма на потврдена приватна исправа од нотар.

(3) Во листот за предбележување на инфраструктурен објект се прибележуваат и правните дела за промет на предбележаното право на инфраструктурен објект кога е во фаза на градба.

(4) Податоците за правото на залог (хипотека) на предбележаното право на инфраструктурен објект и на правните дела за промет на предбележаното право на инфраструктурен објект кога се во фаза на градба, се запишуваат посебно на секој дел од инфраструктурниот објект за кој што се однесуваат.

Спроведување на промени во текот на градбата

Член 22

Промените настанати во текот на градбата кои се сврзани со одобрението за градење, со лицата кои имаат право на градење, со деловите на правото на градење, со основниот проект, како и другите промени кои се сврзани со градбата, се запишуваат во листот за предбележување на инфраструктурен објект по пријава на органот надлежен за издавање на правосилното одобрение за градење, кон која се приложуваат исправите за правен основ со кои се настанати промените, како и доказ за платен надоместок за запишувањето.

Бришење на предбележаното право на инфраструктурен објект

Член 23

За бришење на предбележаното право на инфраструктурен објект и за истовремено запишување право на сопственост, надлежниот орган поднесува пријава за запишување кон која се приложуваат исправите за правен основ со кои се одобрува употребата на инфраструктурниот објект, согласно со одредбите од Законот за градење, геодетски елаборат од извршениот премер и доказ за платен надоместок за запишувањето.

IV.ОДРЖУВАЊЕ НА КАТАСТАРОТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ

Опфат на одржување катастарот на инфраструктурните објекти

Член 24

(1) Одржувањето на катастарот на инфраструктурни објекти опфаќа:

- запишување промени на инфраструктурните објекти и
- исправка на грешки.

(2) Запишувањето промени на инфраструктурните објекти ги опфаќа промените на податоците за:

-инфраструктурните објекти (доградби, надградби, отстранување на инфраструктурен објект),

-правата на инфраструктурните објекти (правото на сопственост со подоблиците и другите стварни права – право на службеност, право на хипотека, право на реален товар),

-носителите на правата на инфраструктурните објекти,

- предбележувањата како условни укнижувања и
- прибележувањата сврзани со инфраструктурните објекти.

(3) Во зависност од податоците од став (2) на овој член кои се предмет на промена, запишувањето на промените се врши со или без геодетски елаборат.

(4) Исправката на грешки ги опфаќа грешките настанати при прибирањето и запишувањето на податоците за инфраструктурните објекти.

Споредување на податоци и запишување на промени без геодетски елаборат

Член 25

(1) Податоците содржани во целосните и комплетни пријави за запишување промени без геодетски елаборат, службеното лице ги споредува со податоците содржани во исправите за правниот основ и со податоците за инфраструктурните објекти и носителите на правата на истите запишани во катастарот на инфраструктурни објекти.

(2) Ако при споредувањето се утврди дека постои соодветност на податоците во смисол на одредбите од член 175 став (4) од Законот и дека се исполнети условите за запишување на промена во катастарот на невдижностите содржани во член 176 од Законот, службеното лице изготвува список на промена која ја потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач, донесува потврда за запишување/ промена и променетите податоци ги внесува во електронската база на податоци.

(3) Ако при споредувањето се утврди дека не постои соодветност на податоците во смисол на одредбите од член 175 став (4) од Законот или дека не се исполнети условите за запишување на промена на запишаниот инфраструктурен објект содржани во член 176 од Законот, службеното лице од областа на правните науки донесува потврда за одбивање на пријавата за запишување на промена во катастарот на инфраструктурни објекти поради несоодветност, односно неподобност на правите основи.

Споредување на податоци и запишување на промени со геодетски елаборат

Член 26

(1) Споредувањето на податоците содржани во пријавите за запишување на промени со податоците содржани во исправите за правен основ, податоците содржани во геодетскиот елаборат и податоците запишани во катастарот на инфраструктурни објекти го врши стручно лице од геодетска насока и службено лице од областа на правните науки.

(2) Ако при споредувањето од став (1) на овој член се утврди дека постои соодветност на податоците во смисол на одредбите од член 175 став (4) од Законот и дека се исполнети условите за запишување во катастарот на недвижностите содржани во член 176 од Законот, стручното лице од геодетска насока изготвува стручен наод и составува предлог-список на промена, кои ги потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач.

(3) Во случајот од став (2) на овој член службеното лице од областа на правните науки го дополнува/усогласува предлог-списокот на промена со податоци за носителите на правата и за видот на правата и донесува потврда за запишување/ промена. Одобрената предлог список на промена и потврдата за запишување на промена ги потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач, со што запишувањето на промената се спроведува во катастарските планови и во електронската база на податоци.

(4) Ако при споредувањето се утврди дека не постои соодветност на податоците во смисол на одредбите од член 175 став (4) од Законот или дека не се исполнети условите за запишување во катастарот на инфраструктурни објекти содржани во член 176 од Законот, стручното лице од геодетска насока изготвува стручен наод во кој ги наведува утврдените несоодветности, а службеното лице од областа на правните науки изготвува потврда за одбивање на пријавата за запишување на промена поради несоодветност.

(5) Формата и содржината на образецот на потврдата за одбивање на пријавата за пишување на промена во катастарот на инфраструктурни објекти поради несоодветност, односно неподобност на правите основи од член 25 став (3) на овој правилник и став (4) на овој член е дадена во прилог број 7 кој е составен дел на овој правилник.

(6) Во образложението на потврдите од став (3) и став (4) од овој член се наведуваат и доказите и податоците доколку истите се прибавени по службена должност, како и видот и висината на наплатениот надоместок за прибавените докази и податоци по службена должност.

Предбележување како условно укнижување

Член 27

(1) Во катастарот на инфраструктурни објекти се предбележува, односно условно се укнижува стекнувањето или престанокот на правото на сопственост и на подоблиците на правото на сопственост на инфраструктурниот објект.

(2) Предбележувањето од став (1) од овој член се врши кога е поднесена пријава за запишување промена во катастарот на инфраструктурни објекти, но не се исполнети правните претпоставки, односно условите за запишување пропишани во член 176 од Законот и доколку основот за конечното укнижување не е достатно застапен.

(3) Запишаното предбележување се брише и истовремено се укнижува правото на сопственост со доставување на доказ дека се исполнети правните претпоставки, односно условите за запишување.

(4) Предбележувањето се брише и кога не се исполнети правните претпоставки, односно условите за укнижување, по истекот на шест месеци од денот на извршеното предбележување. До истекот на наведениот рок со извршеното предбележување обезбедено е првенство на укнижувањето пред сите други запишувања доколку самото предбележување биде потврдено.

Прибележување

Член 28

(1) Во катастарот на инфраструктурни објекти се врши прибележување на облигациони права и тоа: лизинг, договори за концесија, закуп и договорно право на првенствено купување на инфраструктурниот објект.

(2) Покрај облигационите права од став (1) на овој член во катастарот на на инфраструктурни објекти се прибележуваат и претходните и времените мерки кои се од влијание за правата на инфраструктурниот објект, фактите кои се од влијание на инфраструктурниот објект пропишани со одредбите од член 173 став (2) од Законот, други факти кои се од значење за стекнување, измена, престанок или пренос на правата на инфраструктурните објекти чие прибележување е предвидено со друг закон, како и други права чие запишување е утврдено со друг закон.

Отстранување на грешки

Член 29

(1) При одржување на катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности се отстрануваат грешките направени при прибирањето и запишувањето/евидентирањето на податоците за инфраструктурните објекти, како и грешките што се однесуваат за правата и за носителите на правата на инфраструктурни објекти запишани при востановување и одржување на катастарот на инфраструктурни објекти.

(2) Како грешки направени при прибирањето и запишувањето/евидентирањето на податоците за инфраструктурните објекти, се сметаат грешките кои настанале како резултат на грешки во пресметување на податоците за положбата на инфраструктурниот објект и податоците за карактеристичните параметри на инфраструктурниот објект, вклучувајќи ги и личните и адресни податоци за носителите на правата на инфраструктурните објекти.

(3) Грешките што се однесуваат на податоците за правата и за носителите на правата на инфраструктурни објекти запишани при востановување и одржување на катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности се отстрануваат, доколку не се извршени промени при одржување на катастарот на инфраструктурни објекти, што се утврдува со увид во правниот основ за запишување.

(4) Отстранувањето, односно исправката на грешката од овој член се врши по пријава на странка за запишување на инфраструктурен објект и по службена должност. Кога грешката се отстранува по службена должност, се оформува предмет врз основа на службен наод изготвен од страна на овластено лице.

Споредување на податоци и потврда за исправка на грешка

Член 30

(1) Стручното лице од геодетска насока и службеното лице од областа на правните науки вршат споредување на податоците содржани во пријавата за запишување, односно исправка на грешка со податоците во исправата за правниот основ, податоците запишани во катастарот на инфраструктурни објекти и зависно од видот на грешката со податоците содржани во геодетскиот елаборат.

(2) По извршеното споредување од став (1) на овој член, доколку се утврди дека се работи за грешка во смисол на одредбите од член 29 од овој правилник и дека се исполнети условите за отстранување на утврдената грешка, стручното лице од геодетска насока за техничките податоци содржани во геодетскиот елаборат во електронска форма изготвува стручен наод и составува предлог-список на промена, кои ги потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач.

(3) Во случајот од став (2) на овој член службеното лице од областа на правните науки го дополнува/усогласува предлог-списокот на промена со податоци за носителите на правата и за видот на правата и донесува потврда за исправка на грешка. Одобрената предлог список на промена и потврдата за исправка на грешка ги потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач, со што исправката на грешка се спроведува во катастарските планови и во електронската база на податоци.

(4) Споредувањето на податоците за грешките за чија исправка не е потребен геодетски елаборат го врши службено лице кое доколку утврди дека се работи за грешка за која се исполнети условите за исправка согласно со одредбите од член 29 од овој правилник, изготвува предлог список на промена и потврда за исправка на грешка кои ги потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач, со што исправката на грешка се спроведува во електронската база на податоци.

(5) Формата и содржината на образецот на потврдата за исправка на грешка во катастарот на инфраструктурни објекти по пријава на странка е дадена во прилог број 8 кој е составен дел на овој правилник.

(6) Формата и содржината на образецот на потврдата за исправка на грешка во катастарот на инфраструктурни објекти по службена должност е дадена во прилог број 9 кој е составен дел на овој правилник.

Потврда за одбивање на пријавата за исправка на грешка

Член 31

(1) Доколку при споредувањето на податоците од член 30 став (1) и став (4) од овој правилник се утврди дека не се работи за грешка во смисол на одредбите од член 29 на овој правилник, службеното лице од областа на правните науки донесува потврда за одбивање на пријавата за исправка на грешка во катастарот на инфраструктурни објекти.

(2) Формата и содржината на образецот на потврдата за одбивање на пријавата за исправка на грешка во катастарот на инфраструктурни објекти е дадена во прилог број 10 кој е составен дел на овој правилник.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 32

(1) До создавањето на технички услови за ахивирање во електронска форма, пријавата и прилозите доставени во електронска форма се печатат и се ахивираат во збирката на исправи во писмена форма.

(2) Скенирањето на пријавите и прилозите доставени во писмена форма ќе се врши по создавањето на технички услови.

Член 33

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-7336/1
15 април 2014 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Анета Јорданова, с.р.

Прилог бр.1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

----------У----------од----------

Приемен штембил

Единствен Идентификатор или Идентификатор на ИО_____
Број на Имотен лист за ИО:_____

П Р И Ј А В А
за запишување на инфраструктурен објект

Од_____,
_____
(име и презиме/назив на носителот на ИО) ЕМБГ/ЕМБС

_____,
_____
(адреса/седиште) мобилен телефонски број /е-маил адреса

Вид на запишување:

1. Прво запишување
2. Евидентирање
3. Предбележување на ИО во градба
4. Промени во Листот за предбележување на ИО
5. Промена на запишан ИО:
   - надградба/доградба/отстранување
   - промена на носителот на правото
   - промена на правото на сопственост
   - промена на правото на службеност
   - промена на правото на залог (хипотека)
   - промена на правото на реален товар
   - промена на запишаниот закуп
   - промена на запишаниот лизинг
   - промена на запишаната концесија
   - претходна и времена мерка (забрана и ограничување)
   - промена на лични и адресни податоци за носителите и за ИО
   - предбележување како условно укнижување
   - прибележување на факти и нивно бришење
   - исправка на грешка
   - други промени_____

Прилози:

1. Геодетски елаборат
2. Градежно техничка документација
3. Решение за утврдување на правен статус на бесправен ИО
4. Договор за купопродажба
5. Судска пресуда
6. Договор за хипотека
7. Договор за подарок
8. Договор за распределба на имот за време на живот
9. Договор за доживотна издршка
10. Договор за физичка делба
11. Наследно решение
12. Друг правен основ: _____

Податоци за подносителот на пријавата:

_____,_____,_____
_____
(име и презиме/назив) (адреса/седиште) мобилен телефонски број /е-маил адреса

Барам за извршеното запишување да бидам известен по:

- ☐ Електронски пат
- ☐ СМС порака
- ☐ Е-маил адреса

Прилог бр.1

Докази и податоци кои Агенцијата ги прибавува по службена должност:

1. Информација за субјект-тековна состојба од ЦР на РМ
2. Препис од Извод од матична книга на родени
3. Препис од Извод од матична книга на умрени
4. Препис од извод од матична книга на венчани
5. Препис од уверение со сите податоци од матична книга на родени и
6. Други податоци

Ја овластувам Агенцијата во мое име и за моја сметка да ги користи податоците содржани во оваа пријава во постапка на прибавување на потребни докази и податоци од други институции по службена должност.

Подносител на пријавата

_____

(име,презиме и потпис)

Прилог бр.2

(Центар/Одделение)

Бар код

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

----------/----------од ----------

Врз основа на член 182 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013), Агенцијата за катастар на недвижности_____ издава

П О Т В Р Д А
за прием на пријавата за запишување на инфраструктурен објект со единствен идентификатор/идентификатор број _____

Се потврдува дека на ден_____во_____часот до Агенцијата за катастар на недвижности - _____ е поднесена пријава за запишување-_____ во катастарот на

(вид на запишување)

инфраструктурни објекти, заведена под број _____ од _____.

Кон пријавата се поднесени:

1. Геодетски елаборат
2. Градежно техничка документација
3. Решение за утврдување на правен статус на бесправен ИО
4. Договор за купопродажба
5. Судска пресуда
6. Договор за хипотека
7. Договор за подарок
8. Договор за распределба на имот за време на живот
9. Договор за доживотна издршка
10. Договор за физичка делба
11. Наследно решение
12. Друг правен основ:

_____

М.П. **Службено лице**

_____
(име, презиме и потпис)

Службен весник на Република Македонија

Прилог бр.3
(Центар/Одделение)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

СПИСОК НА ПРОМЕНА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ број _____

ПРОМЕНИ НА ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРАВОТО/ИМАТЕЛИТЕ

СТАРА СОСТОЈБА

Ред.бр.	бр. на ИП	ЕМБГ/ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса/Седиште					Дел на недвижност	Сопственост/ сосопственост/ заедничка сопственост	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишувањето	Овластено Лице
				Место	Улица	Број	Влез	Стан					
1													
2													
3													

НОВА СОСТОЈБА

Ред.бр.	бр. на ИП	ЕМБГ/ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса/Седиште					Дел на недвижност	Сопственост/ сосопственост/ заедничка сопственост	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишувањето	Овластено Лице
				Место	Улица	Број	Влез	Стан					
1													
2													
3													

ПРОМЕНИ НА ПОДАТОЦИ ЗА ПОЛОЖБАТА НА ИНФРАСТРУКТУРНИОТ ОБЈЕКТ

СТАРА СОСТОЈБА

бр. на ИП	Единствен идентификатор		Име на објект	Описен податок за почеток и крај на инфраструктурен објект		Почеток на инфраструктурен објект со координати		Крај на инфраструктурен објект со координати		Број на предмет по кој е извршено запишувањето	Овластено Лице
	префикс	идентификатор		Почеток: викано место/адреса	Крај: викано место/адреса	Y	X	Y	X		

НОВА СОСТОЈБА

бр. на ИП	Единствен идентификатор		Име на објект	Описен податок за почеток и крај на инфраструктурен објект		Почеток на инфраструктурен објект со координати		Крај на инфраструктурен објект со координати		Број на предмет по кој е извршено запишувањето	Овластено Лице
	префикс	идентификатор		Почеток: викано место/адреса	Крај: викано место/адреса	Y	X	Y	X		

ПРОМЕНИ НА ПОДАТОЦИ ЗА КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПАРАМЕТРИ НА ИНФРАСТРУКТУРНИОТ ОБЈЕКТ

СТАРА СОСТОЈБА

бр. на ИП	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	напонско ниво/капацитет	Насока на сообраќајница	Тип на железница	Должина на резервен кабел	Број на евидентен лист	Број на лист за предбележување	Шифра од ИП	Број на предмет по кој е извршено запишувањето	Овластено Лице

НОВА СОСТОЈБА

бр. на ИД	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	напонско ниво/капацитет	Насока на сообраќајница	Тип на железница	Должина на резервен кабел	Број на евидентен лист	Број на лист за предбележување	Шифра от И4	Број на предмет по кој е извршено запишувањето	Овластено Лице

ПРОМЕНИ НА ПОДАТОЦИ ЗА ДРУГИ СТВАРНИ ПРАВА И ДРУГИ ПРАВА ЧИЕ ЗАПИШУВАЊЕ Е УТВРДЕНО СО ЗАКОН, ПРИБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ФАКТИ ОД ВЛИЈАНИЕ ЗА НЕДВИЖНОСТИТЕ И ПРЕДБЕЛЕЖУВАЊЕ

И4.1. ПРОМЕНИ ВО ПРАВО НА ЗАЛОГ (ХИПОТЕКА)

СТАРА СОСТОЈБА

Носител на правото(доверител: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

Хипотекарен должник: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

бр. на ИД	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Износ на побарувањето	Правен основ на запишување			Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице
										Назив	Број и датум	Орган што го донел актот/заверил			
Правен основ-анекс:															

И4.1. ПРОМЕНИ ВО ПРАВО НА ЗАЛОГ (ХИПОТЕКА)

НОВА СОСТОЈБА

Носител на правото(доверител: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

Хипотекарен должник: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

бр. на ИД	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Износ на побарувањето	Правен основ на запишување			Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице
										Назив	Број и датум	Орган што го донел актот/заверил			
Правен основ-анекс:															

И4.2. ПРОМЕНИ ВО ПРАВО НА РЕАЛЕН ТОВАР

СТАРА СОСТОЈБА

Носител на правото на реален товар: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

Што треба да се ниште или да се стори од страна на сопственикот на оптоварената недвижност:

бр. на ИД	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Рок	Правен основ од кој потекнува правото	Други податоци согласно со правниот основ	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

НОВА СОСТОЈБА

Носител на правото на реалем товар:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:
Што треба да се даде или да се стори од страна на сопственикот на оптоварената недвижност:		

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Рок	Правен основ од кој потекнува правото	Други податоци согласно со правниот основ	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

И4.3. ПРОМЕНИ ВО ПРАВО НА ЛИЗИНГ

СТАРА СОСТОЈБА

Давател на лизинг како сопственик на недвижноста :	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:
Корисник на лизинг:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Висина на надоместокот за лизинг	Рок на траење на лизингот	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

НОВА СОСТОЈБА

Давател на лизинг како сопственик на недвижноста :	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:
Корисник на лизинг:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Висина на надоместокот за лизинг	Рок на траење на лизингот	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

И4.4. ПРОМЕНИ ВО ФИДУЦИЈАРЕН ПРЕНОС

СТАРА СОСТОЈБА

Хипотекарен доверител како сопственик на недвижноста:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:
Заложен должник:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Рок	Висина на обезбедено побарување	Правен основ од кој произлегува фидуцијарната сопственост	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

НОВА СОСТОЈБА

Хипотекарен доверител како сопственик на недвижноста:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:
Заложен должник:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Рок	Висина на обезбедено побарување	Правен основ од кој произлегува фидуцијарната сопственост	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

И4.5. ПРОМЕНИ ВО ЗАКУП НА ИНФРАСТРУКТУРЕН ОБЈЕКТ КАКО ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО

СТАРА СОСТОЈБА

Закупоцавач: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

Закупец: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

Можност за пренесување на закупот Можност за наследување на закупот Можност за отповикување на правото на долготрајен закуп согласно со правилот

бр. на ИД	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Рок на траење	Висина на надоместокот или факт дека правото е засновано без надоместок		Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице
										Висина на надоместок	Без надоместок				

НОВА СОСТОЈБА

Закупоцавач: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

Закупец: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

Можност за пренесување на закупот Можност за наследување на закупот Можност за отповикување на правото на долготрајен закуп согласно со правилот

бр. на ИД	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Рок на траење	Висина на надоместокот		Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице
										Висина на надоместок	Без надоместок				

И4.6. ПРОМЕНИ ВО ПРАВО НА СЛУЖБЕНОСТ

СТАРА СОСТОЈБА

Носител на правото на службеност: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

Описни податоци за инфраструктурниот објект за кој е воспоставена службеност									Описни податоци за службеноста				Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице
бр. на ИД	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Обем	Време на користење	Вид на користење	Рок на траење				

НОВА СОСТОЈБА

Носител на правото на службеност: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

Описни податоци за инфраструктурниот објект за кој е воспоставена службеност									Описни податоци за службеноста				Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице
бр. на ИД	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Обем	Време на користење	Вид на користење	Рок на траење				

И4.7. ПРОМЕНИ ВО КОНЦЕСИЈА

СТАРА СОСТОЈБА

Концедент: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

Концесионер: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

Можност за пренесување на концесијата: Можност за наследување на концесијата:

бр. на ИД	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Рок на траење	Надоместок на концесија	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

НОВА СОСТОЈБА

Концедент:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:
Концесионер:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:
Можност за продолжување на концесијата:	Можност за наследување на концесијата:	

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Рок на траење	Надоместок на концесија	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

И4.8. ПРОМЕНИ ВО ДОГОВОРНО ПРАВО НА ПРВЕНСТВЕНО КУПУВАЊЕ

СТАРА СОСТОЈБА

Носител на правото на претпочитано купување:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор		Должина м	Отворена површина м2	Висина/длабочина м	Волумен м3	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице
	префикс	идентификатор											

НОВА СОСТОЈБА

Носител на правото на претпочитано купување:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор		Должина м	Отворена површина м2	Висина/длабочина м	Волумен м3	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице
	префикс	идентификатор											

И4.9. ПРОМЕНИ ВО ПРИБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРЕТХОДНА И ВРЕМЕНА МЕРКА

СТАРА СОСТОЈБА

Носител на заложно право:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:
Носител на правото на сопственост/други стварни права на кои се однесува забрана:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Краток опис на претходната/времената мерка	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

НОВА СОСТОЈБА

Носител на заложно право:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:
Носител на правото на сопственост/други стварни права на кои се однесува забрана:	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса/Седиште:

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Краток опис на претходната/времената мерка	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

И4.10. ПРОМЕНИ ВО ДРУГИ ПРАВА ЧИЕ ЗАПИШУВАЊЕ Е УТВРДЕНО СО ЗАКОН

СТАРА СОСТОЈБА

Вид на право:

Носител на правото: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Краток опис на правото	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

НОВА СОСТОЈБА

Вид на право:

Носител на правото: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште:

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Краток опис на правото	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

И4.11. ПРОМЕНИ ВО ПРИБЕЛЕЖУВАЊЕ

СТАРА СОСТОЈБА

а)Право на користење:

Носител на правото на користење: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште: Дел на правото на користење

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Правен основ на запишувањето на правото на користење	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

НОВА СОСТОЈБА

а)Право на користење:

Носител на правото на користење: ЕМБГ/ЕМБС: Адреса/Седиште: Дел на правото на користење

бр. на ИЛ	Единствен идентификатор	Должина (м)	Отворена површина (м2)	Висина/длабочина (м)	Волумен (м3)	Материјал на објектот	Материјал на столбот	Пресек/профил	Правен основ на запишувањето на правото на користење	Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

СТАРА СОСТОЈБА

б)Прибележување за личната состојба на носителот на правото на сопственост:

Малолетност

Име и презиме на малолетното лице - сопственик на недвижноста:	ЕМБГ/ЕМБС:	Правен основ	Број на предмет по кој е извршено прибележувањето	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

Починато лице

Име и презиме на лицето сопственик на недвижноста:	ЕМБГ/ЕМБС:	Правен основ (број на Извод од книгата на умрените и ден, месец и година на смртта):	Број на предмет по кој е извршено прибележувањето:	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

Старателство

Име и презиме на лицето сопственик на недвижноста за кое е отворен старателство:	ЕМБГ/ЕМБС:	Правен основ (број и датум на актот и назив на органот што го издал актот за старателство):	Број на претпис по кој е извршено пребележувањето:	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

Одземање на деловна способност

Име и презиме на лицето сопственик на недвижноста на кое му е е одземена деловната способност:	ЕМБГ/ЕМБС:	Правен основ (број и датум на актот назив на органот што го издал актот за одземање на деловната способност):	Број на претпис по кој е извршено пребележувањето:	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

Продолжување на родителско право

Име, презиме на лицето сопственик на недвижноста на кое му е продолжено родителското право:	ЕМБГ/ЕМБС:	Правен основ (број и датум на актот и назив на органот што го издал актот за продолжување на родителското право):	Број на претпис по кој е извршено пребележувањето:	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

Управување со заедничкиот на брачни другари

Податоци за лицата што управуваат со заедничкиот на брачни другари	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса:	Правен основ (број и датум на актот и назив на органот што го издал актот за управување со заедничкиот на брачните другари):	Број на претпис по кој е извршено пребележувањето:	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

Ликвидација; Реорганизација; Стечајна постапка

Назив на правното лице сопственик на недвижноста:	ЕМБГ/ЕМБС:	Седиште	Правен основ (број и датум на актот и назив на органот што го издал актот за ликвидација/реорганизација/стечајна постапка):	Број на претпис по кој е извршено пребележувањето:	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

НОВА СОСТОЈБА

6)Пребележување за личната состојба на носителот на правото на сопственост:

Малолетност

Име и презиме на малолетното лице - сопственик на недвижноста:	ЕМБГ/ЕМБС:	Правен основ	Број на претпис по кој е извршено пребележувањето:	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

Починато лице

Име и презиме на лицето сопственик на недвижноста:	ЕМБГ/ЕМБС:	Правен основ (број на Извод од матичната на умрените и ден, месец и година на смртта):	Број на претпис по кој е извршено пребележувањето:	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

Старателство

Име и презиме на лицето сопственик на недвижноста за кое е отворен старателство:	ЕМБГ/ЕМБС:	Правен основ (број и датум на актот и назив на органот што го издал актот за старателство):	Број на претпис по кој е извршено пребележувањето:	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

Одземање на деловна способност

Име и презиме на лицето сопственик на недвижноста на кое му е е одземена деловната способност:	ЕМБГ/ЕМБС:	Правен основ (број и датум на актот назив на органот што го издал актот за одземање на деловната способност):	Број на претпис по кој е извршено пребележувањето:	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

Продолжување на родителско право						
Име, презиме на лицето сопственик на недвижноста на кое му е продолжено родителското право:	ЕМБГ/ЕМБС:	Правен основ (број и датум на актот и назив на органот кој го издал актот за продолжување на родителското право):	Број на предмет по кој е извршено евиденцирањето:	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице	

Управување со заедничкиот на брачни другари						
Податоци за лицата кои управуваат со заедничкиот имот на брачни другари	ЕМБГ/ЕМБС:	Адреса:	Правен основ (број и датум на актот и назив на органот кој го издал актот за управување со заедничкиот имот на брачните другари):	Број на предмет по кој е извршено евиденцирањето:	Датум и час на прием на пријавата за запишување	Овластено Лице

Ликвидација; Реорганизација; Стечајна постапка						
Како снабдување со електрична енергија во смисла на оваа лиценца, се смета набавување на електрична енергија од земјата и од странство, заради продажба на потрошувачи, трговци, други снабдувачи, операторот на електропреносниот или операторите на електродистрибутивните системи како и продажба на купувачи во странство, согласно член 79 од Законот за енергетика.

9. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста

Енергетската дејност снабдување со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори за купување и продажба на електрична енергија и договори за закупување на преносен и/или дистрибутивен капацитет.

10. Подрачје на кое ќе се врши дејноста

Енергетската дејност снабдување со електрична енергија, носителот на лиценцата може да ја врши на целата територија на Република Македонија и странство.

11. Услови и начин на извршување на обврските на носителот на лиценцата

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди непречена и континуирана испорака на електрична енергија согласнокупопродажните договори;
- обезбеди од операторите соодветен преносен и/или дистрибутивен капацитет во согласност со важечките тарифи, пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција за електричната енергија која се обврзал да ја испорача на своите потрошувачи
- им фактурира на своите потрошувачи надоместок за испорачаната електрична енергија по договорната цена како и надоместок за користење на пазарот на електрична енергија. Доколку снабдувачот има склучено договор со операторот на дистрибутивниот систем, согласно членот 74 став (4) од Законот за енергетика, снабдувачот на електрична енергија на своите потрошувачи ќе им ги фактурира и надоместоците за користење на преносниот и/или дистрибутивниот систем. Фактурирањето се врши врз основа на мерењата за потрошената активна и/или реактивна електрична енергија и за ангажираната електрична моќност, извршени од соодветниот оператор на системот;
- работи во согласност со правилата за снабдување и правилата за пазарот на електричната енергија во однос на доверливоста и обемот на снабдување, со цел да се исполнат обврските кон купувачите како и да ги исполни барањата за финансиско обезбедување утврдени со пазарните правила;
- доставува до операторот на пазарот на електрична енергија податоци за трансакциите и плановите за потрошувачката на електрична енергија за своите потрошувачи неопходни за пресметка на неурамнотежувањата, во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција;
- ги плати набавените количини на електрична енергија, како и закупените капацитети и соодветните регулирани услуги од операторите на електропреносниот систем и/или на дистрибутивните системи и операторот на пазарот на електрична енергија;
- достави до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање и во определен рок, информации и извештаи за своите трансакции и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Македонија работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;
- обезбеди соодветен стручен кадар за вршење на енергетска дејност снадбување со електрична енергија;
- обезбеди соодветна компјутерска и телекомуникациска опрема за издавање и контрола на сметките и комуникација со потрошувачите;

12. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

13. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за работењето во претходната година (извештајна година), кој особено треба да содржи:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

14 Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста, до Регулаторната комисија за енергетика

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- информации за испорачаните количини на електрична енергија според купопродажните договори, според напонското ниво на приклучок и категоријата на потрошувачите, согласно Табела 1 и Табела 2 кои се составен дел на оваа лиценца;
- испорачаните количини на електрична енергија да се доставуваат квартално, но оддвоени по месеци;
- известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност снабдување со електрична енергија;
- како и други промени во работењето во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

15. Обврска за овозможување на пристап до деловните простории и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

16. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

17. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Табела 1
ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Корисник	Испорачани количини			
	Планирано согласно склучени договори (kWh)		Реализирана количина на електрична енергија (kWh)	
	месечно	годишно	месечно	годишно
Снабдувачи				
Самостојни потрошувачи				
Електро - преносен систем оператор				
Електро- дистрибутивен систем оператор				
Извоз и други трговци				
Транзит на ЕЕ				

Табела 2 ИЗВЕШТАЈ ЗА БРОЈ НА ПОТРОШУВАЧИ

Потрошувачи	Испорачани количини од почетокот на годината (квартално и сумарно)				Број на потрошувачи кои се снабдуваат со ЕЕ (месечно и сумарно)	
	Планирано согласно склучени договори		Реализирано склучени договори		Број на потрошувачи	
	месечно	годишно	месечно	годишно	месечно	годишно
Потрошувачи приклучени на 110 kV						
Потрошувачи директно приклучени на среднонапонска страна 110/(35,20,10,6) kV						
Потрошувачи приклучени на среден напон						
Потрошувачи директно приклучени на нисконапонска страна при трансформација (35,20,10,6)kV/0,4kV – јавно осветление						
Потрошувачи директно приклучени на нисконапонска страна при трансформација (35,20,10,6)kV/0,4kV – останати						
Потрошувачи на 0,4 kV - домаќинства						
Потрошувачи на 0,4 kV - останати						

1976.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13), како и член 28 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13), постапувајќи по барањето на Друштво за производство, дистрибуција и трговија со електрична енергија СОЛ ХИДРОПАУЕР ДООЕЛ Скопје, за издавање на лиценца за производство на електрична енергија, на седницата одржана на 15.04.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштво за производство, дистрибуција и трговија со електрична енергија СОЛ ХИДРОПАУЕР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Пролетерска бр.4 Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија во мала хидроелектрана МХЕ „Бистрица 97 “.

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, се утврдени во Прилог 1, „Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија“, кој што е составен дел на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-42/14
15 април 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

Друштво за производство, дистрибуција и трговија со електрична енергија СОЛ ХИДРОПАУЕР ДООЕЛ Скопје, ул. Пролетерска бр.4 Скопје

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Производство на електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата

15.04.2014 година

4. Датум до кога важи лиценцата

15.04.2049 година

5. Евидентен број на издадената лиценца

ЕЕ – 178.01.1/14

6. Број на деловниот субјект – 6754732

7. Единствен даночен број – 4044012505916

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Како енергетска дејност производство на електрична енергија на енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во мала хидроелектрана, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

9. Локација на вршење на енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во мала хидроелектрана МХЕЦ „Бистрица 97“ на КП 12/2, 12/3, 12/4, 17/4, 17/5, 18/3, 19/4, 3915/5, 3915/6, 3915/7 и 3916/2 КОТеарце – Вон гардски реон, ИЛ 54119, Општина Теарце.

10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со произведен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

12. Права и обврски за носителот на лиценца

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на носителот на лиценца како и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да:

- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, заштита на работниците, заштита на техничките средства и опрема;
- ги почитува, Пазарните правила, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон;
- се придржува кон законите, прописите, стандардите, препораките и други општи акти,
- доколку носителот на лиценцата се стекне со Одлука за одобрување на користење на повластена тарифа за откупување на целокупната произведена електричната енергија во мала хидроелектрана, да го почитува Договорот склучен со МЕПСО АД Скопје, односно Операторот на пазарот на електрична енергија, за откуп на целокупната произведена електрична енергија;
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- обезбеди достапност на планираната електрична моќност и енергија до точката на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- го достави Договорот за откуп на електрична енергија до Регулаторната комисија за енергетика;
- се придржува кон склученио Договор за откуп на електрична енергија;
- доставува извештаи за опремата, постројките, лановите за одржување и планираната расположливост до носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност

ност дистрибуција на електрична енергија во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

13. Планирање на одржување на производните капацитети

Заради сигурно и ефикасно функционирање на производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, носителот на лиценцата е должен истите да ги одржува во исправна и функционална состојба.

Носителот на лиценцата е должен секоја година, најдоцна до 10 март, до Регулаторната комисија за енергетика да поднесе План за одржување на производните капацитети за период од пет години, годишна програма за реализација на планот, како и мислење за услогласеност на Планот од носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија.

Планот за одржување на производните капацитети особено треба да содржи:

- опис на функционална состојба на производните капацитети;
- потреба од ревитализација на производните капацитети;
- финансиски извори за реализација на планот.

14. Обврска за информирање

Носителот на лиценцата е должен да им ги обезбеди на операторот на преносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, снабдувачот со електрична енергија односно снабдувачот со електрична енергија во краен случај како и носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Пазарните правила.

15. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

16. Доверливост на информациите

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации кои при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија ги добива од сите учесници на пазарот на електрична енергија.

17. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. обемот на производство на електрична енергија во текот на претходната година, вкупно и за секој производен капацитет поодделно (вкупна количина на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија, сопствена потрошувачка, број и времетраење на планираните и непланираните прекини, како и за причините за нивно настанување);
2. финансиски извештај за енергетската дејност производство на електрична енергија, составен од:
   - биланс на состојба и биланс на успех,
   - извештај за промените во главнината,
   - извештај за паричните текови,
   - применетите сметководствени политики, и
   - други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди;
3. превземени мерки во текот на претходната година за:
   - заштита на објектите и средствата преку кои се врши енергетската дејност од надворешни влијанија и хаварии, како и нивно осигурување,
   - заштита при работа,
   - обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на енергетската дејност,
   - заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
   - спроведување на мониторинг врз сопственото работење,
   - обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на енергетската дејност,
   - обезбедување на енергетска ефикасност,
   - вршење на енергетската дејност во услови на кризна состојба, како и воена и вонредна состојба;
4. остварување на годишната програма за реализација на Планот за одржување на производните капацитети, во претходната година;
5. извршување на програма за ремонти во претходната година;
6. состојба со кадровска екипираност за извршување на пооделни задачи при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија;
7. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли;
8. бизнис план за тековната година и оценка за реализирање на бизнис планот во претходната година;
9. превземени мерки за подобрување на квалитетот на услугата.

18. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, месечни и квартални извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

19. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

20. Физичка заштита на производниот капацитет од надворешни влијанија и хаварии

Носителот на лиценцата е должен во рок од шест месеци од датумот на издавање на оваа лиценца да донесе План за физичка заштита на производните капацитети и должен е истиот да го достави до Регулаторната комисија за енергетика.

21. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталациите, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

22. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно пропишаниот правилник за снабдување со електрична енергија и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

23. Изменување и дополнување на лиценцата

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

24. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог 2

ПОДАТОЦИ ЗА ОПРЕМАТА ЗА МХЕЦ БИСТРИЦА 97

- број на производни единици (агрегати):.....еден
- проценет животен век.....40 години
- тип, производител и номинални податоци за турбината:
- тип Пелтон со вертикално вратило
- производител ..... ZECO, Vicenza, Italy
- нето пад .....182,97 m
- номинален проток.....1,517 m3/s
- број на вртежи..... 600 min-1
- максимална моќност.....2.453 kW
- тип, производител и номинални податоци за генераторот:
- тип - трофазен синхрон генератор
- вратило вертикално
- работен напон 0,4 kV
- фреквенција 50 Hz
- производител:..... ASTICOGEN, Italy
- номинална привидна моќност.....3.340 kVA
- номинална активна моќност.....2.672 kW
- број на вртежи.....600 min-1
- cosφ…….....0.8
- тип, производител и номинални податоци за трансформаторот:
- тип .....трофазен сув
- производител: .....Siemens
- преносен однос.....6,3/20 kV/kV
- моќност.....3.500 kVA
- фреквенција.....50 Hz

1977.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14) и член 17, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), постапувајќи по барањето на Јавното претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево, за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 16.4.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. На Јавното претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево, со седиште на ул. Булевар Ослободување, бр. 60 А/1-1, Кичево, му се одобрува користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од хидроелектроцентралата МХЕ „ДОБРЕНОЕЦ“ со инсталирана моќност од 480 kW и со локација на регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“, КП. бр.840, КО Јаровец, Општина Кичево.

2. Податоци за носителот на оваа одлука:

- назив и седиште: Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево, со седиште на ул. Булевар Ослободување, бр.60 А/1-1, Кичево;
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-SH-110;
- назив на електроцентралата: хидроелектроцентрала МХЕ „ДОБРЕНОЕЦ“;
- податоци за локација на електроцентралата: на регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“, КП. бр. 840, КО Јаровец, Општина Кичево;
- инсталирана моќност на електроцентралата: 480 kW;
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 2.430.000 kWh;
- повластена тарифа која ќе ја користи повластениот производител: повластена тарифа која што важела на денот на донесување на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата МХЕ „ДОБРЕНОЕЦ“, УП1 бр.08-50/13 од 27.5.2013 година, односно се одобрува користење на повластените тарифи за одделните блокови, според следната табела:

Блок	Количина на испорачана електрична енергија по блокови (kWh)	Повластена тарифа за испорачаната електрична енергија по блокови (€¢/kWh)
I	≤ 85.000	12,00
II	> 85.000 и ≤ 170.000	8,00
III	> 170.000 и ≤ 350.000	6,00
IV	> 350.000 и ≤ 700.000	5,00
V	> 700.000	4,50

- период на користење на повластените тарифи: 20 години започнувајќи со денот на влегување во сила на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот од наредниот ден и се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-45/14
16 април 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

1978.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/11, 136/11, 79/13 и 164/13) и член 17, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), постапувајќи по барањето на Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 16.4.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. На Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. „Крижевска“ бр. бб, Кочани, му се одобрува користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од фотонапонската електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 1“ со инсталирана моќност од 49,5 kW и со локација на КП.бр.16724/87, КО Кочани, Општина Кочани.

2. Податоци за носителот на оваа одлука:

- назив и седиште: Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. „Крижевска“ бр. бб, Кочани
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-PV-166
- назив на електроцентралата: фотонапонска електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 1“
- податоци за локација на електроцентралата: на КП.бр.16724/87, КО Кочани, Општина Кочани
- инсталирана моќност на електроцентралата: 49,5 kW (198 панели со моќност на панел од 250 W)
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 66.400 kWh
- повластена тарифа која ќе ја користи повластениот производител: повластена тарифа која што важела на денот на донесување на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за фотонапонската електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 1“, УП1 бр. 08-124/13 од 29.7.2013 година, односно во зависност од инсталираната моќност и локацијата на фотонапонската електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 1“, се одобрува користење на повластена тарифа од 12 €¢/kWh;
- период на користење на повластената тарифа: 15 години започнувајќи со денот на влегување во сила на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот од наредниот ден и се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-47/14
16 април 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

1979.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/11, 136/11, 79/13 и 164/13) и член 17, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), постапувајќи по барањето на Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 16.4.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. На Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. „Крижевска“ бб, Кочани, му се одобрува користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од фотонапонската електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 2“ со инсталирана моќност од 49,5 kW и со локација на КП.бр.16724/83, КО Кочани, Општина Кочани.

2. Податоци за носителот на оваа одлука:

- назив и седиште: Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. „Крижевска“ бб, Кочани;
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-PV-167;
- назив на електроцентралата: фотонапонска електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 2“;
- податоци за локација на електроцентралата: на КП.бр.16724/83, КО Кочани, Општина Кочани;
- инсталирана моќност на електроцентралата: 49,5 kW (198 панели со моќност на панел од 250 W);
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 66.400 kWh;
- повластена тарифа која ќе ја користи повластениот производител: повластена тарифа која што важела на денот на донесување на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за фотонапонската електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 2“, УП1 бр. 08-125/13 од 29.7.2013 година, односно во зависност од инсталираната моќност и локацијата на фотонапонската електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 2“, се одобрува користење на повластена тарифа од 12 €¢/kWh;
- период на користење на повластената тарифа: 15 години започнувајќи со денот на влегување во сила на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот од наредниот ден и се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-49/14
16 април 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

1980.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/11, 136/11, 79/13 и 164/13) и член 17, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), постапувајќи по барањето на Друштвото за производство и телекомуникации КОННЕКТЕЛ-МК ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 16.4.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство и телекомуникации КОННЕКТЕЛ-МК ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Рилски Конгрес“ бр. 99, Скопје, му се одобрува користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од фотонапонската електроцентрала „МОРАНЕ“ со инсталирана моќност од 49,68 kW и со локација на КП1387/5 и КП 1386/4, КО Морани, во м.в. Трлиште, Општина Студеничани.

2. Податоци за носителот на оваа одлука:

- назив и седиште: Друштво за производство и телекомуникации КОННЕКТЕЛ-МК ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Рилски Конгрес“ бр. 99, Скопје;
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-PV-65;
- назив на електроцентралата: фотонапонска електроцентрала „МОРАНЕ“;
- податоци за локација на електроцентралата: на КП1387/5 и КП 1386/4, КО Морани, во м.в. Трлиште, Општина Студеничани;
- инсталирана моќност на електроцентралата: 49,68 kW (207 панели со моќност на панел од 240 W);
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 70.000 kWh;
- повластена тарифа која ќе ја користи повластениот производител: повластена тарифа која што важела на денот на донесување на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за фотонапонската електроцентрала „МОРАНЕ“, УП1 бр. 08-111/12 од 16.4.2013 година, односно во зависност од инсталираната моќност и локацијата на фотонапонската електроцентрала „МОРАНЕ“, се одобрува користење на повластена тарифа од 30 €¢/kWh;
- период на користење на повластената тарифа: 15 години започнувајќи со денот на влегување во сила на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот од наредниот ден и се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-51/14
16 април 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

1981.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, точка 3 од Законот за енергетика (“Службен весник на РМ” бр.16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013 и 41/2014) и членовите 5 и 6 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи (“Службен весник на РМ” бр. 94/2005, 43/2010, 9/12, 13/12 и 90/12), постапувајќи по Барањето на „МАКПЕТРОЛ ПРОМ-ГАС“ ДООЕЛ-Скопје за утврдување на продажната цена на природниот гас за април 2014 година, на седницата одржана на 15 април 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОДАЖНА ЦЕНА НА ПРИРОДЕН ГАС ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ ОД 2014 ГОДИНА

Член 1

На „МАКПЕТРОЛ ПРОМ-ГАС“ - Скопје, како вршител на енергетската дејност Снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас, продажната цена на природниот гас за месец април од 2014 година, се утврдува да изнесува 23,1198 ден/nm3.

Продажната цена на природниот гас од ставот 1 на овој член, ги содржи трошоците сврзани со набавката на природниот гас (набавната цена се состои од фактурна цена на природниот гас со вклучени зависни трошоци) во износ од 22,8240 ден/nm3 и цена за услугата снабдување на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас во износ од 0,2958 ден/nm3.

Продажната цена на природниот гас од ставот 1 на овој член, не ја содржи цената за услугите пренос и управување со системот за пренос на природниот гас во износ од 1,4642 ден/nm3, а која се однесува за тарифните потрошувачи непосредно приклучен на системот за пренос на природен гас.

Надоместокот кој што треба да го платат тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, во согласност со ставовите 1 и 3 на овој член, за месец април 2014 година во кој не е содржан данокот на додадена вредност изнесува 24,5840 ден/nm3.

Данокот на додадена вредност за вкупниот надоместок на цената на природниот гас за месец април од 2014 година, утврден во ставот 4 на овој член, изнесува 4,4251 ден/nm3.

Вкупниот надоместок кој што треба да го платат тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, во согласност со став 4 и 5 на овој член, за месец април од 2014 година изнесува 29,0091 ден/nm3.

Член 2

Продажната цена на природниот гас од членот 1 на оваа Одлука е утврдена со примена на продажен курс на САД доларот од 44,9000 денари за еден САД долар, за месец март од 2014 година, согласно заклучницата за купопродажба на девизи.

Член 3

Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

УП1 Бр. 08-53/14
15 април 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

1982.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14) и член 17, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“, бр.18/12, 97/12 и 63/13), постапувајќи по барањето на Јавното претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево, за издавање на решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 16.4.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. На Јавното претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево, со седиште на ул. Булевар Ослободување, бр.60 А/1-1, Кичево, му се издава решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата МХЕ „ДОБРЕНОЕЦ“ со инсталирана моќност од 480 kW и со локација на регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“, КП.бр.840, КО Јаровец, Општина Кичево.

2. Податоци за носителот на ова решение:

- назив и седиште: Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево, со седиште на ул. Булевар Ослободување, бр.60 А/1-1, Кичево;
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-SH-110;
- назив на електроцентралата: хидроелектроцентрала МХЕ „ДОБРЕНОЕЦ“;
- податоци за локација на електроцентралата: на регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“, КП. бр. 840, КО Јаровец, Општина Кичево;
- инсталирана моќност на електроцентралата: 480 kW;
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 2.430.000 kWh;
- датум на престанок на важење на ова решение: 16.4.2034 година.

3. Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот од наредниот ден и се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-44/14
16 април 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

1983.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14) и член 17, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), постапувајќи по барањето на Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, за издавање на решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 16.4.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. На Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. „Крижевска“ бр. бб, Кочани, му се издава решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за фотонапонската електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 1“ со инсталирана моќност од 49,5 kW и со локација на КП.бр.16724/87, КО Кочани, Општина Кочани.

2. Податоци за носителот на решението:

- назив и седиште: Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. „Крижевска“ бр. бб, Кочани;
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-PV-166;
- назив на електроцентралата: фотонапонска електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 1“;
- податоци за локација на електроцентралата: на КП.бр.16724/87, КО Кочани, Општина Кочани;
- инсталирана моќност на електроцентралата: 49,5 kW (198 панели со моќност на панел од 250 W);
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 66.400 kWh;
- датум на престанок на важење на ова решение: 16.4.2029 година.

3. Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот од наредниот ден и се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-46/14
16 април 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

1984.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14) и член 17, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“, бр.18/12, 97/12 и 63/13), постапувајќи по барањето на Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, за издавање на решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 16.4.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. На Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. „Крижевска“ бр. бб, Кочани, му се издава решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за фотонапонската електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 2“ со инсталирана моќност од 49,5 kW и со локација на КП.бр.16724/83, КО Кочани, Општина Кочани.

2. Податоци за носителот на решението:
- назив и седиште: Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЕВР 92 ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул. Крижевска бр. бб, Кочани;
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-PV-167;
- назив на електроцентралата: фотонапонска електроцентрала „ЕВР 92 Кочани 2“;
- податоци за локација на електроцентралата: на КП.бр.16724/83, КО Кочани, Општина Кочани;
- инсталирана моќност на електроцентралата: 49,5 kW (198 панели со моќност на панел од 250 W);
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 66.400 kWh;
- датум на престанок на важење на ова решение: 16.4.2029 година.

3. Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот од наредниот ден и се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-48/14
16 април 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

1985.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14) и член 17, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), постапувајќи по барањето на Друштвото за производство и телекомуникации КОННЕКТЕЛ-МК ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, за издавање на решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 16.4.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство и телекомуникации КОННЕКТЕЛ-МК ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Рилски Конгрес“ бр. 99, Скопје, му се издава решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за фотонапонската електроцентрала „МОРАНЕ“ со инсталирана моќност од 49,68 kW и со локација на КП1387/5 и КП 1386/4, КО Морани, во м.в. Трлиште, Општина Студеничани.

2. Податоци за носителот на решението:
- назив и седиште: Друштво за производство и телекомуникации КОННЕКТЕЛ-МК ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. Рилски Конгрес бр. 99, Скопје;
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-PV-65;
- назив на електроцентралата: фотонапонска електроцентрала „МОРАНЕ“;
- податоци за локација на електроцентралата: на КП1387/5 и КП 1386/4, КО Морани, во м.в. Трлиште, Општина Студеничани;
- инсталирана моќност на електроцентралата: 49,68 kW (207 панели со моќност на панел од 240 W);
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 70.000 kWh;
- датум на престанок на важење на ова решение: 16.4.2029 година.

3. Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот од наредниот ден и се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-50/14
16 април 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2014 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2014064